**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и првата седница на**

**Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 12 мај 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,5 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше господинот Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Петар Наумовски, Љубе Бошковски, Илија Китаноски, Ѓорѓи Оровчанец, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Коста Прешоски, Ванчо Стаменков, Ангелка Пеева-Лауренчич, Ванчо Георгиев, Стојан Андов и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница на Собранието.

Почитуван претседателе на Република Македонија, почитуван претседател на Уставниот суд, почитуван претседател на Врховниот суд и претседател на Републичкиот судски совет, почитувани ново избрани членови на Уставниот суд, дами и господа пратеници, почитувани министри.

Пред да продолжиме со работа по преостанатите точки од дневниот ред свечена изјава ќе дадат избраните судии на Уставниот суд на Република Македонија.

По повод давањето свечена изјава на судиите на Уставниот суд на седница се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на

Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Ги молам судиите на Уставниот суд на Република Македонија да дадат свечена изјава.

Поделете им ги изјавите.

(Изјавите им ги делат на судиите).

Ве молам сите да станеме.

(Сите присутни во салата станаа).

Ги молам на Уставниот суд да го читаат текстот на свечената изјава по мене.

Изјавувам дека функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

Повелете седнете.

Ги молам судиите на Уставниот суд да ги потпишат свечените изјави.

(Судиите ги потпишуваат свечените изјави).

Дами и господа пратеници, дозволете ми во мое и ваше име уште еднаш да им го честитам изборот на судиите на Уставниот суд на Република Македонија и да им посакам успех во нивната работа.

Почитувани пратеници објавувам пауза од 10-15 мин. и после продолжуваме со седницата на Собранието.

(Пауза од 10,20-10,50 часот).

(По паузата на седницата претседаваше госпоѓата Лилјана Поповска).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа на денешната седница.

Пред да преминеме на Осмата точка од дневниот ред должна сум за една кратка информација.

Пратеникот Коста Прешоски беше прочитан дека е отсутен, меѓутоа тој е присутен. Ова за да влезе во записник.

**Продолжуваме со претрес по точката 8 - Предлог за донесување на Закон за азил**.

Молам, кој бара збор.

Има збор госпоѓата Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател.

Колеги пратеници, господине министре,

Денешната моја дискусија по оваа точка од дневниот ред ќе биде во прилог на поддршка за утврдување на потребата за донесување на овој закон.

Јас лично сметам дека овој закон треба да биде донесен затоа што во Република Македонија во правниот систем досега посебен закон за азил немаше. Но, тоа не значи дека во Република Македонија правото на азил не било познато, ниту признато. Напротив правото на азил е уставна категорија односно уставно загарантирано право и тоа со член 29 став 2 на Уставот на Република Македонија.

Тоа што нема посебен закон за азил не значи дека досега оваа материја и не била регулирана. Оваа материја е регулирана со Законот за движење и претстој на странци во одредбите на право на азил и бегање, меѓутоа овие одредби недоволно правно и прецизно ја покриваа оваа материјал. Ова претставува една од причините заради кои што треба да се донесе овој закон.

Друга причина заради која што сметам дека треба да се донесе овој закон е тоа што со овој закон на единствен начин и во целост ќе се регулира оваа материја. Исто така ќе се инконпорираат позитивни искуства од другите држави, а посебно што со овој закон ќе се вградат принципи и критериуми меѓународни со кои што ќе се овозможи побрзо и поефикасно остварување на правото на азил. Овие принципи и критериуми се утврдени со Конвенцијата за правата за бегалци од 1991 година, Протоколот за правата на бегалци од 1967 година, Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Конвенција против мачење и други облици на сурово, нехумано понижувачко постапување и казнување.

На крајот вградувајќи ги овие принципи и критериуми во законот за азил ќе го хармонизираме нашето законодавство и ќе го приближиме кон стандардите на европското законодавство.

Сметам дека овие причини се повеќе од доволни за да се утврди потреба од донесување на овој закон.

Во оваа фаза на претрес по Предлогот за донесување на закон посебно сметам дека треба да се задржиме на начелата врз основа на кои што се заснова овој закон. И овои начела се по меѓународни стандарди, а тоа е дифинирања на категоријата на лица што можат да бараат право на азил, исклучувања на примената на одредбите од Законот за азил за странец што извршил кривично дело против моралот, човечноста и военото злосторство, забрана за протерување или

невраќање, прифатен е исто  така принципот на семејно единство, принцип на безбедна земја, принцип на соработка со УНХЦР и Комесаријатот за бегалци. Исто така, прифатен е и принципот на забрана за размена на податоци со земјата на потекло на овие категории лица.

Во оваа фаза на донесување на законот добро е да ги искажеме и своите мислења и забелешки и предлози со цел да придонесеме да се подобри текстот на Предлогот на законот што ќе го изработи предлагачот. Моите забелешки на содржината на законот се скромни, но сметам дека ќе дадат придонес за да се подобри текстот на Предлогот на законот.

Првата забелешка се однесува на насловот на законот.

Насловот на законот гласи “Закон за азил”, меѓутоа одредбата од член 1 став 1 од законот гласи “Со овој закон се уредуваат условите и постапката за добивање и престанок на азил.”

Со одредбата од член 1 став 2 се вели дека со овој закон се уредуваат и условите според кои Република Македонија може да даде и привремена заштита. Значи, од содржината на одредбите член 1 став 1 и 2 се наметнува дилемата дали овој закон треба да има наслов закон за азил или закон за азил и привремена заштита, затоа што се работи за две посебни правни состојби.

Втората забелешка е дека Законот има терминолошка неусогласеност на одделни членови со член 29 став 2 од Уставот на Република Македонија. Во член 29 став 2 од Уставот на Република Македонија се употребува терминот “право на азил” и сметам дека текстот на Предлогот на законот треба да се усогласи со одредбите на член 29 став 2 од Уставот на Република Македонија.

Исто така, сметам дека во законот има терминолошка неусогласеност во смисла на тоа што во одредбите во законот се употребуваат различни термини за иста правна состојба, како што е терминот “Семејно обединување и семејно единство”. Сметам дека од почетокот до крајот за одредена правна состојба во законот треба да се применува една терминологија.

Под насловот на членот 2 - дефиниција за азил, сметам дека не соодветствува со материјата што регулира одредбата од член 2. Именот со одредбата од член 2 не се  дефинира правото на азил туку се определуваат категориите на лица на кои согласно одредбите од овој закон и во услови и постапка утврдена со овој закон може да се признае правото на азил.

Другата забелешка се однесува на одредбата од член 7 став 1 каде што е утврдено и гарантирано начелото на невраќање додека во став 2 се уредуваат случаите и условите под кои може да се отстапи од ова начело.

Според одредбата од став 2 на член 7 - начелото на невраќање ќе се отстапи кога странец "од сериозни причини" треба да се смета за опасен по безбедноста на земјата. Формулацијата "сериосни причини" е непрецизна и сметам дека во практичната примена ќе предизвика тешкотии заради што предлагам да се прецизира што се подразбира под овој термин.

Наредната забелешка е за одредбите кои се однесуваат на правата и должностите на барателите на правото на азил, признаените бегалци и лицата под хуманитарна заштита треба да се преиспита во смисла што квантумот на правата што им се гарантираат на овие категории на лица потребно е да се усогласат со економските можности на нашата држава.

На крајот да истакнам дека сите напред наведени причини се доволна причина јас да го поддржам Предлогот за донесување на овој закон и се надевам дека овие мои мислења и забелешки предлагачот ќе ги има во предвид при изготвувањето на текстот на Предлогот на законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави г. Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, пожитуван министер,

Кога се предлага нешто добро, или како што е овој случај да имаме еден проект како закон за азил конструктивноста оди во тој правец што добрите закони, добрите предлози треба да ги поддржи и опозицијата.

Што се однесува до овој закон вистина е тоа што го рече претходната колешка, како и другите колеги дека третманот на избеглиците секогаш бил преокупација на човечноста и затоа не случајно се има направено обиди и меѓу светски војни, дури меѓу две светски војни на некој начин да се донесат разни конвенции за да се најде форма за подобро третирање на ови што страдале или избегале од страдања, малтретирање и други работи.

Ме радува фактот што Македонија е потписник 1994 година и на Конвенцијата и Протоколот за статусот на бегалците, значи од 1951 и 1967 година. Овој закон на некој начин има своја симболика, тогаш кога во нормативен начин го

регулира статусот на тој што има политички убедувања или поради неговите политички убедувања избегал од своето место, од својата држава и бара азил во Македонија. Симболиката е во тоа што дефинитивно на нормативен начин констатираме дека во Македонија можат да дојдат и да се третираат добро тие што во разни држави поради нивните политички убедувања наоѓаат заслужен третман во Македонија. Затоа велам дека тука е и симболиката, што е многу битна симболика за да дефинитивно овде можеме да констатираме дека Македонија се обидува, прави обиди на некој начин да влезе во нормативен начин или со закони, со компатабилни закони ви ЕУ и земјите што се демократски развиени за да на другите им даде азил во реалност на другите да им даде засолниште ако се случат катастрофи, војни итн.

Затоа според мене со овој закон треба да замине времето кога се правеле пропусти и недобри работи. Треба да прифатиме дека вакви работи се случувале и тука, во Македонија, иако на некој начин имало потпишано конвенции, но често им се случувало на индивидуалци тие конвенции без закон донесени, без закон се злоупотребени. Значи, некогаш граѓаните што барале овде засолниште поради нивните политички убедувања, со режимот еве на пример на Милошевиќ некогаш, се случувало од некоја политичка контрола или од структурите на внатрешните работи тие луѓе да се предадат на полицијата и на тогашната власт на Милошевиќ. Овие работи, овие времиња треба да заминат. Добро се осеќам што со закон се регулира оваа работа. Значи, со ова ние преземаме конкретен чекор кон тоа што значи демократска земја и демократски држави.

Од нормативен аспект јас би направил забелешка и од министерот барам едно објасвување, а тоа е за членот 20, бидејќи сме во фаза на донесување на овој закон. Тука се вели за да се третира азилантот или за да му се даде азил на прибегнатиот треба лицето да има и документи, пасош и друго. Зошто го поставувам ова прашање, не мора да значи дека мора веднаш да се даде затоа што законот уште еднаш ќе се врати во Парламентот.

Се случува на пример, тие што бегаат од малтретирања и од страдања, што често пати се случува да бегаат тајно или брзо и со себе да не можат да поседуваат идентификациони документи. Затоа, оваа материја, иако има тука обиди со други членови да се регулира, сепак ќе беше добро да се даде алтернатива или на некој начин да се прецизира.

И на крај, се извинувам на моите колеги, ќе направам една мала дигресија и молам да ми се дозволи тоа.

Вистина е, ако се донесуваат добри закони и граѓаните ги почитуваат тие закони, тогаш тие се послободни граѓани. Затоа и треба да се направат вакви обиди.

И сосема на крај, мене како пратеник и како човек ми остави впечаток едно сосема поинакво однесување на првиот човек на МВР, многу различно од други пати, во контактите со граѓаните и во многу болните моменти, како што беше тој од Вејце. Таму имав прилика на некој начин, преку телевизијата, бидејќи бев на тркалезна маса во Маврово за меѓуетнички релации, да видам министер за внатрешни работи без хермелини, без тенкови, бes панцир и директно да востопстави контакт со граѓаните и да биде многу рамноправен, со демократски убедувања и хуманитарни убедувања, со еден претставник на државата Америка, амбасадорот Батлер и еден претставник на Европската Унија господин Брунс. Ова ми дава обврска и на граѓаните од планините од Шара, од Тетовско, ова ги обрзува и оние семејства и родители кои сакаа да ги посетат сопствените деца. Тоа на некој начин не прави и тогаш кога страдаме, страдањето да не го претвориме во омраза, што значи и тогаш кога демократијата не е на највисоко ниво кај нас на овие поднебја треба да функционира тоа што е хумано и тоа хуманото да биде во нашата традиција. За среќа тоа е една добра работа. Доколку во демократијата се нема доволно искуство, во тоа што е човечко и во тоа што претставува традиција, а тука традицијата имаме големо искуство. Значи сакам да ме разберат сите оние што страдаат, тука спаѓаат и албанците и македонците, затоа добро е да надвладее она што е човечко, да ја поделиме болката заедно за трагедиите кои ги преживеавме, меѓутоа да не дозволиме, а јас сум убеден дека тие луѓе се толку искрени што нема да дозволат болката да се претвори во омраза. Затоа се надевам дека самото појавување и на министерот за внатрешни работи и последиците и самиот тој директен контакт ќе не убеди уште еднаш во текот на оваа недела дека многу подобро се вршат работите без демонстрирање и потреба на сила. Тука треба да се примени формулата на разрешување на проблемие со кои можеме да се соочиме на нашиот демократски пат.

Благодарам и се извинувам што ја направив оваа дигресија госпоѓа потпретседателке.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Исмет Рамадани.

Јас го дозволив ова излагање иако беше надвор од точката на дневен ред, меѓутоа сметам дека и ова е еден конструктивен придонес за општата атмосфера во Парламентот и во земјава.

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитуван министер,

Ќе настојувам да бидам прилично краток, бидејќи законот е во прва фаза, како Предлог-закон, има доста согледувања од комисиите од кои ја гледам. Сакам само да укажам дека законот е корисен, го подобрува правниот систем на РМ.

Иако материјата досега беше опфатена во едни други закони, со овој закон се прави една можност, поцелосно со еден закон да се реши целата постапка и начинот и условите кога може да се пристапи кон постапување на лица кои бараат азил во РМ.

Само би сакал да укажам, покрај тоа што досега е кажано на следното:

При подготвувањето на текстот на законот што подобро да се прецизираат условите кога може да се бара азил и на кој начин да се постапува при одлучувањето за барањето на азил.

На сите ни е јасно дека барањето азил е барање од политички побуди. Никако да се свати тоа дека барање може да биде и од економски причини. Има конвенции, исто така, имаме и наши правни регулативи кога на кое лице и во какви услови може да му се прифати барањето за азил, да остане во РМ да не биде протеран за одредено време или за трајно. Најнапред треба да се почитува одредбата за одредено време, до кога тоа лице може да престојува во РМ, да не биде прогонето, се додека не се решат состојбите во државата од која доаѓа. Сметам дека во тие делови во законот треба да стојат многу прецизни решенија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Ефтим Манев.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за азил.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата

содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на РМ .

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и Министерството за внатрешни работи.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 67 против 1 и воздржани 3.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на 9-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје 2 - Скопје, Дебар, Кавадарци, Охрид, Неготино и Струга.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претртес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пртатеници, за 68, воздржани 4, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на Основните судови Скопје 2 - Скопје, Дебар, Кавадарци, Охрид, Неготино и Струга.

**Преминуваме на 13-та точка - Извештај за работата на Народниот правобранител ѕа 2002 година.**

Извештајот на Народниот првобранител и извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Му давам збор на Народниот правобранител, господинот Бранко Наумовски.

БРАНКО НАУМОВСКИ:

Почитувана потпретседателке на Собраинето на Република Македонија, почитуван пратеници, дами и господа,

Пред вас се наоѓа Годишниот извештај за работа на Народниот правобранител за 2002 година. Ова е петти по ред Годишен извештај што Народниот прабобранител Ви го доставува од основањето на институцијата, а тоа укажува дека Народниот прабобранител како самостоен и независен орган со

надлежност да ги штити уставните и законските права на граѓаните, кога им се повредени од органите на државната управа и од другите органи и организации што имаат јавни овластувања. Бо правниот систем на државата постои , функционира веќе пет години. Поднесувањето на Годишниот извештај не претставува само исполнување на законската обврска на Народниот правобранител, да му поднесе извештај за својата работа на Собранието на Република Македонија, туку јас би рекол уште повеќе, да ве информира Вас, народните избраници за состојбите со почитувањето на основните човекови слободи и права и со тоа да помогне во остварувањето на вашата уставна позиција вршење политичка контрола и надзор врз работењето на државната администрација, како и надзор врз работата на органите и организациите што вршат јавни овластувања заради доследна примена на Уставот, законските и подзаконските акти со крајна цел развој на демократските процеси низ владеењето на правото и правната држава во која граѓаните на Република Македонија во целост ќе ги уживаат со Уставот прокламираните основни слободи и права.

Изнесените податоци за степенот на почитувањето на човеквоите права во овој извештај како и податоците што на некој начин ги отсликуваат,го отсликуваат начинот на работа на институцијата, расправата што потоа ќе уследи од ваша страна, како и интересот што очекувам дека ќе го предизвика во целокупната јавност и критичките забелешки во тој правец ќе дадат дополнителен импулс за натамошното изградување и поттик за нови активности со цел за максимални можни резултати во правец на остварување на правата на граѓаните. Поддршката во тој правец особено е потребна сега во услови на нови дополнителни законски обврски и надлежности и внатрешна реорганизација на институцијата предизвикана од потребата за формирање на подрачни канцеларии и дополнително вработување на нов стручен кадар и помошен персонал.

При ова, сакам да укажам дека оценките и заклучоците за состојбите со почитувањето на човековите права во изминатата година, се темелат исклучиво врз основа на претставките и предлозите од предметното работење во мојата канцеларија, што значи она што е констатирано од постапувањето по поднесени претствки, но и од отстапките спроведени по сопствена иницијатива.

Почитувани пратеници, како носител на функцијата Народен правобранител на Република Македонија, чуствувам задоволство што ми овозможивте преку ова кратко експозе да дадам кус осврт и вовед во содржината на Годишниот извештај. Петгодишниот период е релативно краток временски период за да се даде

објективна и критики издржана оцена за вистинската слика за резултатите но и оценка за тоа каков придонес е направен во правец на оправданоста од востанувањето, постоењето и функционирањето на институцијата Народен правобранител во правно политичкиот систем на земјата. Затоа да се тврди дека една релативно нова институција, остварила врвни резултати на планот на превентивата или по заштитата на слободите и правата на човекот би било доста претенциозно и одговорно, особено ако се има предвид дека се дејствуваше во време на нарушена безбедносна состојба, со мали гаранции на големите уставни права, со редукција на разни економски, социјални права на граѓаните,со деградација на моралните вредности и пораст на организираниот криминал низ разни облици на мито и корупција во услови на максимална експлоатација на трудот, се погоема невработеност и радикално опаѓање на животниот стандард што продуцира разни видови на насилства, особено во основната општествена клетка, семејството, убиства, киднапирања и ред други асоцијални поведенија. Сепак водени од желбата пред се да се оправда довербата кај граѓаните максимално беа вложени сите стручни капацитети и сета енергина за на крај да може да се констатираат позитивен тренд во функционирањето на институцијата во правец на остварување на правата на граѓаните. Сето ова како и цврстата определба да не се потклекне под разни облици на притисоци, над самостојноста и независноста на функционирањето максималните работи за стручно, компетентно и непристрасно постапување истрајноста и упорноста во правецот на остварувањето или вопоставувањето на поведените права на граѓаните, како и соработката со останатите контролни механизми беше од огромно значење во напорите јавната администрација да се трансформира и организира како стручен и ефикасен сервис на граѓаните.

Од ова произлегув дека во изминатата година, институцијата дејствувше и своите надлежности ги остваруваше во уште посложени и поспецифични услови во однос на изминатиот период. Тоа беше година на постконфликтен период и обид за стабилизација пред се на безбедносната состојба во која требаше да се вложуваат огромни напори во правец на враќање на довербата во институциите на системот, релаксирање на меѓуетничките односи и создавање услови за соживот меѓу припадниците на сите етнички заедници и враќање на раселените лица во своите домови. За постигнување на овие цели Владата беше должна да преземе соодветни мерки и активности и да изнајде форми, методи и начини за градење модели на заеднички вредности за да создаде услови за мирно и толерантно заедништво

ослободено од етнички, религиозни и политички и други предрасуди. Позабрзаното реализирање на ваквите приоритети, заради реализацијата на уставните измени, особено во правец на децентрализација на власта, како и дерегулација на одредени правни односи за да се обезбедат процесите на регулација ќе значат огромен придонес на извршната власт во правец на поедноставни општествено-економски односи и во самото општество, а со тоа и напредок во уживањето на основните слободи и права на граѓаните што е далеку, што е одлика на едно демократско и цивилизирано општество. Притоа од сушстествено значење е поднесувањето на поедноставувањето на правната регулатива заради полесно, поедноставно и непречено остварување на правата во комуникацијата на јавната администрација со граѓаните на минимум да се сведат дејствијата на присила а да се применуваат методи на советување, убедување, укажување, стручна помош, прибирање докази по службена должност и други демократски форми на дејствување и превенција за да репресијата навистина остане последното средства во процесот на владеењето на правото. Поедноставната правна регулатива, особено донесувањето на нов закон за управна постапка исто така се наметнува како приоритет при кој треба да се осовременат правни решенија што треба да придонесат за брзо и ефикасно остварување на правата на граѓаните. Ако отсуството на споменатите претпоставки се детерминанти што го свртуваат вниманието на Народниот правобранител вистинска трансформација на овој сегмент на правниот поредок мож да се постигне доколку за современ управен систем не се смета кај нас сеуште присутниот модел на управа концепирана како апарат во рацете на власта и инструмент во нејзиното владеење. Наместо свеста за ваква управа уверен сум дека треба да надвладее мислењето дека таа во еден демократски правен поредок треба да биде конституирана во вистински сервис на граѓаните без оглед дали се во преашање поединечниот интерес и првата на граѓаните или јавниот интерес и нивните обврски. Исполнувањето на ваквите претпоставки едновремено ќе значи порегулиран правен живот за граѓаните и помал број на управни и судски постапки, а со тоа помала администрација и намалени трошоци за нејзино сервисирање.

Се до таквото конституирање на јавната управа, Народниот правобранител ќе се сретнува со поголема и помала бројка на сопствени превенции, со поголем или помал број на барања на граѓаните за заштита на нивните права и со помали или поголеми резултати во својата работа.

Познато ви и дека народниот правобранител по својата природа и според уставната позиција е организиран и дејствува како инокосен орган, а со оглед

на големината на Републиката, нејзината територијална распространетост и поставената организација на управните и другите органи, тој дејствува како единствен, централизиран орган со одредени број на заменици и стручна служба, а својот делокруг на работа го остварува врз основа на Законот за народниот бравобранител, Деловникот за работа и другите општи акти.

Досегашните сопствени проценки, како и искуството од дејствувањето на омбуцманите во другите демократски системи потврдуваат дека вака воспоствената организација обезбедува и дава добри резултати. Меѓутоа, со новиот закон што е веќе во процедура на донесување и со кои се предвидува организирање подрачни канцеларии во неколку градови низ Републиката, како организациони подрачни единици на народниот правобранител, како и со другите решенија што ќе бидат во функција на поефикасно независно и самостојно извршување на надлежностите, оваа институција ќе стане уште подостапна за граѓаните и се очекува зајакнување на нејзината улога во системот.

Почитувани пратеници, дами господа,

Сега, дозволете да изнесам некои конкетни показатели поврзани со обемотн а работата и со состојбите, со почитувањето на правата на граѓаните на Република Македонија.

Во извештајната година, народниот правобранител постапуваше по 2238 писмени претставки поднесени од над 3.000 граѓани што во однос на претходната 2001 година е зголемување за 62,05%. При ова, треба да се има предвид и голем број од над 3.500 граѓани примени на разговор во канцеларијата на народниот правобранител и при посетата на поголемите урбани средини, како и по бараните телефонски консултации од над 3.500 граѓани. Треба да се забележи дека граѓаните поднеле претставки од сите подрачја на Републиката, а нивниот број е поголем или помал, во зависност од големината на подрачјето. Меѓутоа, тоа што како бројка треба особено да се истакне е високиот број на констатирани повреди на граѓаните, односно од 1.566 завршени претставки во 552 или 35,25% констатирани се повреди на правата на граѓаните, од кои повеќето се однесуваат на повреди на материјалниот закон.

Доколку во вкупниот број на констатирани повреди по претставките се вбројат и повредите од кои што повеќето се однесуваат на оддолжување на управната постапка и другите постаспки, ќе се добие загрижувачки податок од над 70% пвореди, односно барања на граѓаните што не се решени во засконскиот рок.

Тоа е бројка што секако треба да не загрижи сите кои сме надлежни да придонесуваме во ефикасноста во остварувањето на правата на граѓаните.

При ова, сакам да нагласам дека заради остварување право или за отстранување неправда, народниот правобранител не користи строго формални правни инструменти, па така неговите интервенции можат да бидат и формални во вид на препораки или мислења, но тоа исто така може да биде и обично телефонско јавување, доколку резултира со остварување со правото на граѓанинот или придонесе за отстранување на нанесената неправда. Поради ова ефектите од работата треба да се оценуваат од аспект н севкупноста на активноста на народниот правобранител во комуникацијата со јавната управа и граѓаните.

Во извештајот, работата на народниот правобранител е прикажана по области, при што може веднаш да се воочи дека најмногубројн исе повредите на правата на граѓаните во областа на урбанизмот и градежништвото. Оттаму и интервенциите на правобранителот во таа област се најчести и најмногубројни. Потоа следат работните односи, судството во делот на административниот аспект на постапувањето по предметите и одложувањето на судските постапки, станбените односи, имотно - правните односи и т.н.

Извештајот, исто така содржи податоци и одредени видувања за органите на државната иправа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања на кои што се однесуваат претставките. Поаѓајќи од позицијата за своето овластување, во Извештајот се изложени оценките засобјективните и субјективните причини, за пропустите и слабостите во јавната администрација, кога е во прашање остварувањето на правата на граѓаните.

Можеби најголем акцент во Извештајот е даден на соработктата на народниот правобранител со органите на државната управа и организациите врз кои надлежно постапува. При тоа, видно е незадоволството на народниот правобранител во односот со споменатите органи и тоа не само преку службеното ниво на кое што се остварува таа комуникација, туку пред се проади недопуштената бавност во постаспувањето по барањата и давањето потребни и издржани одговори или инертноста во однесувањето, а понекогаш и игнорантскиот однос кон институцијата народен правобранител.

Како посебен податок во Извештајот содржан е приказ на покарактеристични позитивно решени предмети од практичното работење на народниот правобранител. На крајот од Извештајот дадени се оценки и заклучоци, при што е општа оценка дека граѓаните, во користењето на редовните правни

средства, преку постојните механизми во правниот поредок ги остваруваат своите права во комуникацијата со органите на државната управа. Сепак, оваа општа констатација не е задоволителна како од аспект на функцијата народен правобранител, така и од аспект на високите вредносни мерила по прашањето на тоа како треба да се остваруваат слободите и правата на граѓаните во уставниот поредок на Република Македонија, во чии темелни вредности се токму основните слободи и права на граѓаните, владеење на правото и слобода на се она што со Устав и закон не е забрането.

За крај би сакал да го изразам своето уверување на со зацврстувањето и развивањето на демократските слободи и корпусот на човековите права и народниот правобранител, во својата натамошна работа, ќе вложува максимални напори во правед на поефикасно дејствување. Исто така, верувам дека и граѓаните, од вас, како нивни избраници, очекуваат да ги подржите активностите и однесувањата на оваа стручна непристрасна, самостојна и независна институција и во рамките на вашите надлежности да преземете мерки за почитување на одлуките и дејствување на оваа институција од страна на органите и организациите со јавни овластувања, врз кои надлежно постапува.

Уште само за крај, едно искуство од западните земји.

Би сакал денеска да беше присутна Владата на Република Македонија. Кога Извештајот на народниот правобранител се разгледува во западно-европските земји, Владата е присутна и прашањата се вперени таму каде што затајила токму Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодараиме на господинот Наумоски за Извештајот,

За збор се јавува пратеничката Цветанка Ивановска.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА:

Госпоѓо потрептседателке, колеги пратеници, господине народен правобранител,

Пред нас е е еден сериозен извештај и треба да му посветиме доста внимание. Претходон сакам да потсетам дека народниот правобранител за прв пат е востасновен во нашата држава, врз основа на Уставот на Република Македонија во 1991 година. Овој орган, согласно Уставот и законот за народниот правобранител што Собранието на Република Македонија го донесе во 1997 година ги штити

уставните и законските права на граѓаните ќто им се пворедени од страна на државната управа и организациите со јавни овластувања.

Со Законот за народниот правобранител, меѓудругото се уредуваат и прашања што се однесуваат од надлежност на начинот на работа на овој орган.

Согласно член 77 од Уставот и членот 4 од Законот за народниот правобранител, Собранието на Република Македонија во јули 1997 година прв пат избра народен правобранител на Република Македонија. Но, не отпочна веднаш, согласно Законот, бидејќи не беа избрани неговите заменици. Во март 1998 година, откако беа избрани замениците, отпочна со работа народниот правобранител.

Во овој краток временски период од пет години работа на народниот правобранител, мое мислење е дека се видни резултатите и настојувањата во извршувањата на уставните и законски надлежности на овој орган на Републиката. Од Годишниот извештај на народниот правобранител за 2000 година се воочува дека во изминатиов период, во изминатава година бројот на доставени претставки до овој орган е значително зголемен, што значи дека има голем број на засегнати граѓани. Од друга страна, се повеќе јане вербата на граѓаните во функцијата односно институцијата народен правобранител. Ова се должи и на афирмацијата и присуството на народниот правобранител меѓу граѓаните кој континуирано го правеше во изминативе години а особено во 2002 година.

Заради поголема заштита на правата на граѓаните, народниот правобранител видно е од Извештајот дека си изградил свој метод на работа, така овој орган, секој работен ден вршекл прием на странки, на граѓани, при што на секој граѓанин му било овозможено да разговара со него, со неговите заменици или со службено лице по определено прашање, да поднесе претставка и на крајот народниот правобранител да преземе мерки за заштита на неговите права.

Од Извештајот се констатира дека е се поголема достапноста на граѓаните до народниот правобранител, а народниот правобранител презел мерки и се организирал на таков начин што врши прием на граѓаните и надвор од канцелариите на овој орган, во единиците на локалните самоуправи, што секако е за пофалба.

Од Извештајот може да се види дека во 2002 година, во април, мај и јуни, ноември и декември биле организирани и реализирани бројни средби со граѓани низ цела Република Македонија, што е за особена почит и поздравување. Исто така, од овој Извештај се гледа дека начинот на остварување и соработката на народниот правобранител со органите и организациите со кои што требал да

контактира се на високо ниво, меѓутоа, треба уште да се доградува односот кон меѓународниот правобранител и органите на државната управа, заради постигнување на позитивни ефекти од неговата работа.

Во делот на Извештајот што се однесува на прегледот на состојбите по однос на почитување и заштита на човековите права по области, може да се констатира дека народниот правобранител презел голем број дејствија во повеќе области и тоа заштита на правата во полициска постапка, заштита на правата од областа на правосудството, заштита на правата на воените лица и воени обврзници, заштита на правата од областа на социјалните права, работните и станбени односи и во други области, а тука има постигнато голем успех.

Сакам да изнесам личен став, дека извештаите на народниот правобранител за актуелната власт треба да бидат од особено значење, затоа што Извештајот на народниот правобранител треба да биде барометар за актуелната власт. Оттука, актуелната власт ќе црпи податоци кои државни органи, кои јавни служби ги кршат и на каков начин ги кршат уставните и законски права на граѓаните, па аналогно на тоа ќе си преземаат мерки заради подобрување на состојбите во таа област.

Работата на народниот правобранител и органите на државната управа сметам дека се обратно пропорционални. Колку е помал бројот на претставки до народниот правобранител, не поднесени, туку што ќе ги земе во процедура, тоа значи дека е поефикаснас и постручна државната управа и дека ги почитува законските и уставни права на граѓаните.

На крајот сметам дека сите треба да дадеме поддршка на Извештајот на народниот правобранител и да посакаме во иднина афирмативно, транспаретно и совесно да ја врши својата функција, со што ќе укажува на негативностите на органите на државната управа, а се со цел за подобрување на правната држава и владеењето на правото во нашата држава.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И благодариме на госпоѓата Цветанка Ивановска.

Збор има господин Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата на Република Македонија не гледам, почитувани пратеници,

Би започнал таму каде што претходниот дискутант, пратеникот Ивановска заврши, со тоа што ќе констатирам дека овој Извештај треба многу сериозно да го прочита Владата на Република Македонија, актуелната Владата на Република Македонија. Препоставувам дека вакви извештаи читала и претходната Влада но резултатите од тоа што е прикажано овде од тоа читање изостануваат.

Веднаш да им честитам и да ги пофалам оние кои го подготвиле овој извештај, бидејќи тука има навистина мноштво на податоци, мноштво информации од што можеме да заклучиме првенствено како нашава правна држава функционирањла во изминатиов период, а посебно во минатата година. Овој Извештај се однесува воглавном за 2002 година.

Го прочитав од почеток до крај, но суштината сепак се наоѓа во првите 10-тина - 20 страници каде што се констатирани одредени состојби во однос на преземените мерки и активности и во однос на заштита на правата на граѓаните наспрам власта, на судството и другите органи. Среќен сум што, претпосавувам Парламентот малку се спомнува тука, но Парламентот ја нема таа фунција, но затоа Парламентот, како контролор на извршната власт, треба да се позанимава со овој Извештај и да го препорача актуелната власт да го прочита детално.

Тоа што посебно мислам и сакам да го продискутирам се однесува на определени бројки и статистички податоци, каде што оној кој што знае да ги чита тие бројки ќе ја открие вистината за почитувањето на човековите права во изминатиот период. Интересно е дека во текот на 2002 година е зголемен бројот на претставки за 62,05% што е над 3.000, што значи над 3.000 граѓани поднеле претставки до народниот правобранител. Јас незнам, но не можам да се ослободам од фактот дека во 2001 година постоеше аферата прислушување, и ако 3.000 граѓани претставуваат бројка што минатата година се жалеле, а јас само знам дека над 3.000 граѓани биле прислушувани 2001 година, тоа значи дека народниот правобранител, бидејќи на неколку места овде во текстот видов дека и по своја иницијатива презел одредени чекори, значи не презел по своја иницијатива, освен, како што вели овде, дека веќе таа афера прислушување влегува во некоја судскас процедура.

Но сега, господине народен правобранител , бидејќи тоа е сега со аболицијата што е направено од страна на господинот Претседателе е прекината, претпоставувам дека вие по своја иницијатива тие наши права или на оние граѓани кои се прислушувани ќе ги земете предвид и ќе покренете некоја процедура.

Карактеристично е дека најголем број на претставки се од областа на правосудството, потао во областа на работните односи, станбените односи и имотно - правната област.

Во однос на правосудството, можеме да извлечеме повеќе заклучоци. Можеме да кажеме дека правосудството е партиско, дека правосудството е вакво, или дека правосудството е такво. Но, ни партијата, ни било кој друг надлежен орган, не би требал и не може да влијае на ажурноста или на совесноста на судиите кога веќе ќе се најдат на таа позиција. Затоа правосудството има свој личен проблем, без разлика колку ние и да сакаме со законски решенија да го направиме независно, како што е и Буџетот. Проблемите се субјективни. Во голем број беа субјективни. Правосудството треба доста да поработи и на самото себе и од аспект на професионалноста лично.

Областа - работни односи, тука не треба многу да се елаборира, бидејќи имаме голем број судски решенија за бркање од работа, кршење на правата од работен однос и мислам дека тој дел е тоа.

Посебно ме фрапира декма соработката со надлежните институции и соработката со органите на Владата на Република Македонија е на катастрофално ниво.

Тоа всушност значи дека ние имаме една психологија на власта, каде што може да се каже во една реченица дека народот и граѓаните се тука за нас, а не ние за нив. Бидејќи, од оние статистички податоци кои што овде постојат, не знам само во колку случаеви и тоа минорен број на случаи власта одговорила по претставката на народниот правобранител, а слободно можеме да кажеме дека никогаш не одговорија на барање на народниот правобранител да се сретнат и да се разјаснат одредени проблеми. Така, народниот правобранител не може да функционира. Така не може еден вид на дискреционо право на власта да се користи и да се злоупотребува и така ние не можеме ни да го заштитиме народниот правобранител, без разлика што и како да донесеме во законите, ако актуелната власт или претходната власт не е свесна дека народниот правобранител е претставник на граѓаните, кои треба да ги штити од нив самите..

Овде има една табела, која што ми е интересна и која што јас се обидував да ја проанализирам, да дадам свои заклучоци можеби се погрешни, но знаете не е црно бела реалноста, затоа што и погрешна интерпретација на одредени податоци бројчани, може да има некое зрнце навистина. На пример, во табелата бр. 3/ 2002, може да се забележи дека констатирани повреди во претходните години,

претпоставувам до 2002 година, значи тие претходни пет години, имало некаде околу 205. Она што е многу поинтересно е дека се постапило 38 по забелешката на народниот правобранител, не се постапило 108. Овде имате уште 31 постапување безпредметно и 28 постапено на друг начин. Во 2002 година во табелата лево, каде што имаме 60 пати зголемување, 522 претставки, од кои што сегапо 329 се постапило по забелешките и 223 не се постапило. Можам да претпоставам дека претходната власт одеднаш станала свесна за важноста на заштитата на правата на граѓаните, па затоа во овој случај имаме многу повеќе претставки, отколку што е постапено по предлогот на народниот правобранител, за разлика од претходните три години каде што тоа го немаме. Тоа може да се интерпретира како изборна година, па сега, еве, да покажеме дека претходната власт ги почитува правата на граѓаните. Тоа можеме да го интерпретираме како власта е се, граѓанинот е тука заради власта. Може секако да се интерпретира, а овие три интерпретации се мои, не ви ги наметнувам, но тие бројки може и така да покажат. Но, како и да е, впрочем, мислам дека господинот Борис Трајковски треба да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотреби институцијата претседател на држава и со аболицијата на госпоѓицата Доста Димовска ги навреди граѓаните и ги погази нивните елементарни права. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Љупчо Јордановски.

Збор има господинот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА;

Благодарам почитуван потпретседател, колеги пратеници, почитуван народен правобранител,

Денес, навистина, сакам да ја искористам оваа можност во вашиот исцрпен ангажман за годишниот извештај за 2002 година. Навистина, би сакал да ги поздравам вашите пораки, кои што се од граѓански карактер, од еден концепт на цивилно општество, за она што впрочем се залага и мојата политичка партија. Воедно, навистина уште еднаш го потврдивте моето восхитување во однос на овој извештај со вашето излагање, освртот на вашиот годишен извештај. Во тој контекст, навистина морам да ви кажам дека најдов место да се обратам за вашиот годишен извештај, се со цел да ги поздравам вашите ангажмани во афирмирање на граѓанските права, во афирмирање на владеењето на правото и во вашиот

ангажман за градење на едно цивилно општество во Република Македонија. Во тој контекст, дел од мојата политичка партија, кои работеле на вашиот извештај, ме ангажираа да се обратам на неколку забелешки, каде што во погледот 2 во врска со прегледот на состојбите во однос на обезбедување и почитување и заштита на човековите права во области, во одделот 2.2 Заштита на правата во полициска постапка, морам да ви кажам доста објективно, непристрасно пристапувавте во извештајот ваш и вашето залагање на мониторинг, дава извештај дека полициските постапки на граѓаните навистина треба да се повикуваат и на вашите пораки како заклучен дел на ова ваше анализирање и известување. И покрај моите добри познавања дека вие имате прекрасна соработка со Ромскиот невладин сектор и дека Ромскиот невладин сектор особено во минатава година до вас имало известување за одредени претставки од страна на полицијата во неколку градови, сметам дека би било доста добро во вашиот официјален извештај, да ги дадевтге и претставките на Ромската заедница во однос на однесувањето на полицијата со ромите низ градовите на Република Македонија. Мислам, особено во пречекорувањето на овластувањата на полицијата, било погодно тука да се спомнат ромските случаеви, затоа што сметам дека тоа за сите нас само ќе остава тука простор, а и вашата порака која е за владините структури односно извршната и законодавната власт, да се направи мониторинг на нивната работа, а секако и она што вие самите го рековте дека би требало во иднина да бидат присутни министрите, па така изнесените наши обраќања, би требало сепак да бидат лични до министрите, на кои што во изминатиот период се однесувале непримерно во однос на своите овластувања.

Во однос на социјалните права, повторно убеден во вашите прекрасни сознанија за социјалната положба на ромите во Република Македонија и покрај вашите прецизни статистики што ги дадовте во овој дел, сметам дека исто така од високо значење на Министерството за социјална политика и труд би бил и вашиот увид на социјалната состојба на ромите во Република Македонија, како и на шалтерските работници, кои непримерно и некоректно се однесуваат со ромите. Токму и од тие причини ромите во таа област имаат сериозни проблеми, зата што шалтерските работници не го слушаат гласот и потребите на ромската заедница во нашата држава. Во тој контекст сметам дека и покрај тешката состојба на сите граѓани во Република Македонија, што објективно тоа го тврдам, но сепак во официјалниот ваш извештај за посериозно интегрирање на ромите во Република Македонија, вие како народен правобранител сметам дека треба да придавате високо значење кон вашите програмски определби и кон вашата содржина на

работа. Треба да иницирате посериозни забелешки во однос на извршната и законодавната власт за прифаќање на проблемите и потребите на ромската заедница во Република Македонија и за покоректното однесување на службениците со оваа заедница.

Во одделот 2.7 во врска со заштита на правата и од областа на образованието, науката, културата и спортот, сум воодушевен од прекрасната анализа и изнесените ставови на состојбите во процесот на образованието и сметам дека најголем дел од вашите примери во врска со делењето на студентски кредити, студентското обезбедување и тн. како и уписот на студентите односно и вашиот повик за квотите на заедниците кои треба да се почитуваат, ме поведе и тука да се обратам до вас, кога веќе се решивте да ги употребите и другите заедници, на кои што авистина сум восхитен и за вашата храброст што ги спомнавте моите многу почитувани пријатели од Бошњачката заедница. Сметам дека тука во врска со можностите за уписот во високите образовни институции и за објективно користење на квотите, би требало да стои тука и примерот со ромите на кои што почесто во последните години се злоупотребува квотата на Ромската заедница од другите заедници, така што повторно остануваат ромските млади интелектуалци надвор од универзитетите, односно на улица. Сметам дека тука требаше да стои вашата порака до Министерството за образование и да се задржат обврските односно условите за кои што се дадени, особено, да кажеме за Ромската заедница, иако сите сме свесни тука дека ромите во процесот на развојот на образованието се наоѓаат во најниското стапало. Па, токму и вие како народен правобранител сметам дека треба да стои тоа во вашиот годишен извештај како забелешка која ќе и користи на Ромската заедница за во иднина и Министерството за образование да биде пообјективно по однос на условите за образование на ромите.

Исто така, ги поздравувам вашите анализи во врска со Рамковниот договор и вашето ангажирање во основните начела за недискриминации и правична застапеност на припадниците на заедниците во јавните тела на сите нивоа и во други области на јавниот живот, да има соодветни ресурси, персонал во неговата заложба, што ќе му овозможи извршување на неговата функција односно да формира дисперзирани канцеларии. Вашата иницијатибва е за поздравување и токму во тој поглед сметам и јас сум убеден и уверен дека и оваа Влада во текот на изминатиот период, особено, ќе внимава да се користи ова начело за правична застапеност на заедниците на телата, на кои што веќе тоа треба да биде обврска, а

не подарување на одредени права, загарантирани со Рамковниот договор и со Уставот на Република Македонија.

Вашиот ангажман за едукација за правата на граѓаните, сметам на аргументот на кој што се повикувате во однос на издавање на една брошура, покрај македонскиот и албанскиот јазик односно и англискиот јазик, мислам дека аргументацијата, барем за мене, остава еден простор на грижа, доколку велите ако бидат обезбедени средства, ќе бидат отпечатени на јазиците на другите заедници, мислам дека тој аргумент е необјективен. Или треба да се повикувате на Рамковниот договор зошто се печатат само на албански и на македонски јазик, или доколку веќе се ангажирате да бидат печатени на сите јазици, тогаш во тој случај сметам дека би било погодно да бидат печатени и на јазиците и на другите заедници.

На крајот, моето излагање во врска со организација и кадровска состојба и средства за работа на вашиот ресор на народниот правобранител, навистина, лично ќе ме израдувате, а секако и заедницата која што ја претставува, доколку вие како народен правобранител почнувате од вашиот ресор односно од вашите кадровски служби да обезбедувате барем едно работно место од заедницата која што ја претставувам, односно Ромската заедница, со што барем вие можете да давате примери и да се повикувате на вашите примери кон другите органи на Република Македонија, објективно да го интерпретираат и практикуваат Законот за правична застапеност. Значи, се надевам дека во вашите редови, исто така, во наредниот период ќе има и претставник на Ромската заедница. Ви благодарам на вашето трпение, почитувани колеги пратеници, почитуван народен правобранител што го слушнавте моето излагање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Неждет Мустафа.

Збор има господинот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитуван народен правобранител, почитувани пратеници,

Бидејќи народниот правобранител врз основа на член 24 од Законот за народни правобранители е обврзан да го информира еднаш во годината Парламентот за неговите активности, еве и ние денес пред нас имаме за

разгледување ваков извештај за 2002 година. Сигурно, дека намерата на народниот правобранител преку овој извештај е да го информира Парламентот, но и јавноста, пошироката јавност со проблемите, пречките и неправдите со кои што се соочуваат граѓаните на Република Македонија во реализирањето на нивните уставни и законски права. Народниот правобранител е едеинствен орган, кој што врз основа на законот е обврзан да го следи спроведувањето на законите и за истите да преземе мерки и да го информира Парламентот и јавноста. Тоа што паѓа во очи во овој извештај за несреќа е констатацијата и од самиот народен правобранител за газењето на правата и слободите на човекот и дека ова газење не бележи паѓање од претходните години. Сето ова за несреќа и за жалење во овие моменти, затоа што правата и слободите на граѓанинот се газат од државни институции, како што е тоа полицијата, затворите, обвинителството, судовите и тн. Истото се констатира и од извештаите на меѓународните организации, кои што одблиску го следат почитувањето на човековите права и слободи. Ова е еден доволен сигнал дека нешто треба да се преземе и тоа итно, со цел ова да се подобри. На крајот на краиштата ова претставува и обврска на правната држава, така како што претендира да биде Македонија.

Тоа што паѓа во  очи тука е дека врз основа на бројот на поплаките, нивниот број се зголемува од година во година, што значи дека и довербата на граѓаните во јавниот правобранител се зголемува односно дека преку него и надежта дека ќе ги реализира сопствените права. Значи, надежта исто така расте. Доколку во 2001 година на разговор биле примени 518 лица, 995 се примени во 2002 година. Од нив се создале 286 предмети, а во 2002 година 335 предмети. Меѓутоа, бројот на жалби во градовите од Западна Македонија е мал. Тоа сигурно се должи на  слабата сензибилизација и недостатокот на подрачните единици на јавниот правобранител во овие градови. Сигурно, сето ова ќе се подобри со усвојувањето на новиот закон за јавниот правобранител, каде се предвидува да се отворат подрачни единици во неколку градови од Западна Македонија, односно низ цела држава.

Меѓутоа, со жалење може да се констатира повторно врз основа на овој Извештај дека од вкупниот број на жалбите околу 43% од нив не се разгледани, односно чекаат да бидат разгледани од институциите, органите до кои се тие поднесени. Значи, може да се констатира дека и покрај зголемувањето на нивниот број, сепак граѓаните мора да чекаат многу долго за резултатот од жалбите кои ги поднесуваат. Сето ова има влијание и ја намалува довербата во институциите на државата. Од вкупниот број 1566 претставки јавниот правобранител  33% од нив

констатирал нарушување на Уставно правната регулатива. Овој број сигурно може да биде и повисок доколку се има во предвид фактот дека не сите граѓани имаат можност да поднесат преставки до народниот правобранител. Но, дури и да биде 35% како што тоа е прикажано во Извештајот, мислам дека тоа е доволен индикатор и доволен сигнал за државата да преземе нешто кога се однесува на почитување на уставното право и законското право.

Доколку ја погледаме табелата 3 од 2002 година на страна 15, ќе видиме дека околу 40% од случаите не се има преземено ништо од органите за поднесените предмети од страна на народниот правобранител. И тоа повеќе во одбрана на правото од полициски третман процедури, имотно правни прашања, урбанизам итн. Изгледа дека за неефикасноста на државните органи во решавањето на проблемот и разгледувањето на поднесените предмети од страна на Јавниот правобранител влијае и соработката, или несоработката на овие органи со самиот народен правобранител. Ова го констира и самиот Народен правобранител во својот извештај. Дури нивното однесување оди толку далеку дури и да се игнорира народниот правобранител што е за жалење.

Нешто друго што паѓа во очи тука е дека на народниот правобранител не му се овозможува својата дејност за заштита на правата и слободите на човекот да ги развива врз основа на Законот, да ги води врз основа на законот. На пример, не му се дава дозвола да ги посетува притворените во затвор каде се констатира дека има газење на законите и на човековите слободи во тек на истрагата. Со оглед на фактот дека граѓаните најмногу се сомневаат, најмногу кажуваат дека нивните права се газат по затворите, дури и во извештајот на Народниот правобранител се констатира дека нема услови за престој и за прием на осудените врз основа на предвидените стандарди. Во овој Извештај се даваат податоци за затворот во Идризово каде околу 50% од затворените ја отслужуваат казната од вкупниот број во целата земја. Меѓутоа, немаме податоци за условите во затворите, во другите затвори во земјата, посебно во тој во Шутка каде што има сомнеж дека има најголемо газење на правата на затворениците. Мислам дека има многу работи за кои може да се дискутира во врска со тоа што содржи овој извештај, како што е на пример правата на децата, заштита на животната средина и други случаи. Тоа зошто треба да ни служи овој Извештај,. мислам дека  е да ја констатираме состојбата околу почитувањето на законите од страна на лицата кои се именуваат на раководни места и нивната злоупотреба. И врз основа на тоа да се изгради стратегија и концепт со цел ова да се подобри и да тежнее кон елиминирање на такви злоупотреби. Меѓутоа, не е

доволно само констатирање и усвојување на законите за да се влијае врз намалување на злоупотреба на должноста, туку пред се тоа треба да биде совеста таа која треба да влијае врз оние кои се на раководни места и дека тие треба да се чувствуваат одговорни на нивното работно место. Останува да се надеваме дека со усвојување на новиот закон за народниот правобранител нему да му се дадат повеќе надлежности каде освен констатирањето на нарушување, на газење на правото и на законите, народниот правобранител да има право и да преземе соодветни мерки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, г-дине Народен правобранител, на почетокот морам да напоменам дека пред нас имаме доста обемен Извештај за 2002 година од кој се гледа дека Народнот правобранител со самото тоа имал и обемна работа за таа година. На самиот почеток на Извештајот се наведува дека оваа година се навршуваат пет години од постоењето и функционирањето на Народнот правобранител како независен, самостоен, професионален и стручен орган што претставува според мене еден мал јубилеј во вршењето на функцијата Народен правобранител. Сакам да кажам дека на една од претходните седници го имавме на разгледување Законот за Народен правобранител во својата прва фаза и со сигурност можам да кажам дека самиот Извештај ќе ни помогне на нас пратениците да допринесеме во донесување на што поквалитетен закон за народен правобранител во натамошната постапка. Внимателно го разгледав Извештајот и претходните колеги кажаа многу околу Извештајот за 2002 година. Јас не би сакал да се повторувам со дел од нив, меѓутоа би сакал да се задржам на три елементи од самиот извештај, а тоа е во делот на обемот на работата на Народниот правобранител, потоа во Прегледот на поднесени претставки по области и посебно на крај би сакал накратко да кажам за делот на внатрешно раселените лица.

Би тргнал со ред. во делот на обемот на работата на Народнот правобранител може да се забележи дека она што го кажа и еден од претходните дискутанти дека за периодот од 2001 година спрема 2002 година бројот на преставките поднесени до Народниот правобранител е зголемен за 62,05%. Јас и на Комисијата за политички систем тоа го кажав а и овде ќе го повторам дека тоа може да се должи на две работи. Едната е зголемена доверба спрема институцијата Народен правобранител од една страна. Второ, во исто време и недовербата на граѓаните во органите на

државната управа , институциите како што е Владата, министерствата, подрачните единици итн., во тој период.

Од табелата може да се види дека вкупно биле поднесени 2238 претставки за таа година од кои вкупно биле решени 1566 што укажува дека Народниот правобранител во 80%си ја има завршено работата во однос на пристигнатите анонимни претставки, како што се наведува овде.

Во делот на поединечно, или преглед на поединечно поднесени претставки по области може да се види дека  од обласа на урбанизмот и градежништвото биле поднесени вкупно 314, или  14, 17%. Потоа во правосудството 311 претставки или 13,90% итн. Што точно укажува од кои области граѓаните на РМ, им биле најмногу повредени правата и каде тие најмногу интервенирале со поединечни претставки до народнот правобранител. Она во табелата 3, тука е наведено бројот на преставките по градови за 2001 година а и за периодот кој го спомна 2002 година. Од тоа би сакал да апелирам и до самиот народен правобранител а тоа ни го имавме дискутирано да се води сметка оваа табела да се инкорпорира во она што го имавме и во Законот во делот на отворање на канцеларии низ РМ, па табелата да биде земена во предвид. Во делот на внатрешно раселените лица се наведува дека народнот правобранител во текот на месец јуни 2002 година ги има посето сите колективни центри во кои престојуваат внатрешно раселените лица а посебно ќе напоменам дека во Куманово ги има посетено внатрешно-раселените лица од хотелите “Куба” и “Кристал” и интернатот “Долно Којнари”.  Јас имав прилика за овие два-три дена да разговарам со координативното тело на внатрешно раселените лица од хотеливе и интернатот што ги напоменав пред малку тие истото ми го потврдија, во едно и се многу задоволни од посетата на народниот правобранител, меѓутоа, апел тоа и да продолжи, бидејќи  тие сепак имаат потреби од народниот правобранител. Апел да продолжи мене ми е драго што во Законот се предвидува отворање на канцеларија во Куманово, така да тие и тука ќе можат да си ги бараат секојдненво своите права.

Значи кажав дека и самите раселени и нивното координативно тело се задоволни од присуството и разговорот што го имале со народнот правобранител јас ќе го поддржам овој извештај на народнот правобранител за 2002 година, се надевам тоа ќе го направат и другите колеги пратеници успешна работа и понатака нека има народнот правобранител што помалку работа, значи, да што помалку работа да има, значи се констадирале институциите на системот во РМ толку од мене благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на г-динот Иван Анастасовски, збор има г-динот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван потпретседателе, почитуван г-дин народен правобранител, почитувани колеги пратеници,

Согласно законот за народниот правобранител, народниот правобранител е должен еднаш во годината да доставува Извештај до Собранието на РМ.

Јас мислам дека е добро што овој состав на Собранието ја прекинува негативната пракса да не ги разгледува од време навреме, односно во одредени години извештаите на народниот правобранително и другите извештаи кои што е должно да ги разгледува. Бидејќи постои почитувани пратеници обврска од народнот правобранител и од другите органи кои се должни да го доставуваат извештајот од ова Собрание како што се Државниот ревизор, Агенцијата итн, но постои така и обврска од Собранието да ги разгледува овие извештаи. И, оттаму сметам дека денешната седница е добар барометар дека таква негативна пракса ќе се напушти и сметам дека е добро што денес Собранието мошне сериозно му пристапи не само формалистички туку сериозно и аналитички му пристапи на овој Извештај. Инаку, доколку Собранието не би ги разгледувало овие извештаи, доколку би се продолжила таа негативна пракса Собранието би требало да се откаже од правото да ги контролира оние органи кои што ги избира. А, видовме дека овие органи се мошне витални, особено кога се работи за институцијата за народнот правобранител и оттаму контролата во иднина нашата контрола почитувани колеги пратеници треба да биде многу пообемна и да не се сведува само на годишно разгледување на извештаите.

Што се однесува до самиот Извештај мислам дека е коректно и солидно изготвен, тој е обемен со доста факти, значи фактографски но мислам колку што ми е мене познато за разлика од другите години е многу поаналитичен, значи содржи и една аналитичка компонента и од самиот извештај гледаме дека граѓаните постепено стекнуваат доверба, се поголема доверба и се обраќаат до омбуцнанот односно до народнот правобранител заради заштита на своите права.

Но, исто така, евидентно е од извештајот дека еден добар дел од граѓаните сеуште не е доволно запознаен со можност за заштита на своите права, и оттаму произлегува потребата од него од поголемата едукација на граѓаните во оваа смисла и ова треба да биде обврска не само на Народнот правобранител туку и на

Собранието. Мислам дека е добро што се предвидува издавање на оваа брошура, но тоа нема да биде доволно, потребни се многу поопсежни и покомплексни мерки за да граѓаните се запознаат со можноста да ги заштитат своите права пред една вака значајна институција која што РМ воведе во 1997 година, и мислам дека тој потег на РМ, е добар бидејќи тогаш се одлужи по примерот на земјите со долга парламентарна традиција, со долга демокртија да ја воведе оваа институција која што ќе ги штити правата на граѓаните од евнтуалните злоупотреби на оние што ги вршат јавните овластувања тука не се само да потсетам и да потенцирам не се само носителите на јавните функции во државната администрација, улогата на народниот правобранител е многу покомплексна, поширока, а видовме веќе како што беше кажано дека пред овоа Собрание  го помина своето прво читање новиот закон за народен правобранител кој му дава многу пошироки права на народниот правобранител, каде што тој ќе може да интервенира не само во оние што ги вршат јавните овластувања во државната администрација туку многу пошироко ќе може да интервенира при одолговлежувањето на судските постапки и во многу други случаеви. Оттаму, мора да сватиуме дека зголемените овластувања мора да значат и зголемена контрола и поголема сериозност и поголема аналитичност  и на самиот Парламент бидејќи и оној што контролира почитувани колеги мора да биде контролиран.

Затоа, сметам дека односно се придружувам на оние колеги пратеници кои што кажаа како и самиот народен правобранител дека е навстина штета што претставници на Владата не се присатни при разгледувањето на овој Извештај. Затоа што можеме да видиме од Извештајот. Иако не може да се рече дека е масовна појава, може да се рече дека се чести појавите кога носителите на јавните овластувања не само што не соработуваат со народниот правобранител, туку и се оглушуваат на препораките на укажувањата на народнот правобранител. А народнот правобранител не само овдека туку на секаде во светот нема директни инструменти на преземање на мерки врз оние што ги повредуваат правата на граѓаните или пак врз оние што одбиваат соработка со правобранител, тоа е работа на Владата. И затоа иако овој Извештај го изготвува народниот правобранител а го усвојува Парламентот, односно Собранието, тој Извештај односно заклучоците и реализацијата на овој Извештај се поднесува пред се на Владата и затоа Владата во иднина би требало повеќе да поведе сметка за одговорноста на оние носители на функции односно оние кои што ги вршат јавните овластувања, а со тоа и Собранието врз пресијата врз Извршната власт и врз оние што ги носат оние овластувања да му

помогне на народнот правобранител со цел граѓаните да имаат поефикасна, покомплексна и поедноставна заштита на своите права кои се загарантирани со Устав, со Закон и со другите подзаконски акти.

Јас мислам дека оваа расправа ќе биде токму во контекст на тоа, токму во зголемувањето на важноста на овој институт но и при давањето на поголем значај на Владата бидејќи почитувани колеги Извештајот како што видовме се однесува до нарушувањето на првата од одредени често пати одредени носители на јавни функции во администрацијата но не треба да заборавиме дека на врвот на пирамидата на најголем дел од овластувања се наоѓаат токму министрите односно членовите на Владата.

Почитувани пратеници, како што рековме институцијата на Народниот правобранител функционира веќе 6 години, односно од 1997 година ако се гледа извештајоп тоа се работи фактички за пет години бидејќи еве тоа беше во јули н екаде 1997 речиси се навршуваат шест години така да имаме веќе одредени искуства кои што може да ни помогнат во функционирање на оваа институција, но, и придонесувањето на новиот закон кој што ќе биде мошне важен за натамошен развој на овој институт.

Овој закон мора да биде сериозно разгледан од Парламентот и мора да се отвори една широка расправа, со цел да се изврши понатамошното профилирање на оваа важна институција.

Почитувани колеги пратеници, од Извештајот се гледа дека народниот правобранител настојува да ги штити индивидуалните, но и колективните права на граѓаните и по сопствена иницијатива. Значи не сакајки претставки од граѓаните. Но јас сметам дека во иднина вaквите примери мора да бидат многу почести. Значи народниот правобранител по своја иницијатива многу почесто да превзема одредени конкретни чекори за заштита на колективните и индивидуалните права, иако тоа полека во практиката се остварува и сметам дека во претходниот случај, односно пред од прилика 15-тина дена народниот правобранител добро постапи, бидејки во сопствена иницијатива превзема мерки против “Телеком”, односно против монополското дивеење на “Телекомот” и неговата ќерка компанија “Мобимак”, бидејки навистина стан амошне алармантно однесувањето на “Телекомот” во насока на енормно зголемвуање на цените и измислување на постојани нови намети пред граѓаните ако што е 2,3% од манипалативните трошоци, потоа наместо еднократно наплатување на услугите, повеќекратно, односно месечно наплатување, што апсолуто е спротивно на Законот и што е апсолутно поднесувањето на “Телеком”

спротивно со законската регулатива, која го одредува антимополското однесување. Овде имаме специфичен, таканаречен мрежен монопол кој што ако ги злоупотреби и надмине својето овластување ќе биде мошне опасен за граѓаните, односно за нивните права и за функционирање на вкупниот систем.

Сметам дека оваа иницијатива беше добра и во иднина покажува како треба да дејствува народниот правобранител, со што повеќе вакви иницијативи во насока на заштита на правата на граѓаните, особено кога се работи за масовно кршење, како што тоа го направи неодамна "Телеком".

Се гледа дека бројот на предметите, односно обемот на работата се зголемува и отаму, новиот закон мора да најде инструментни мерки како тоа да се одговори, бидејки зголемвуањето од 60% во една година не е добра работа, но од друга страна тоа укажува, како што кажаа некои претходни дискутанти , дека можеби ете и се зголемило кршењето на правата и слободите и граѓаните. Затоа перманентно апелирам до народниот правобранител да ја следи оваа состојба и да интервенира , се разбира со новите овластувања поефикасно ќе може да го прави тоа.

Беше речено во излагањето на народниот правобранител беше потребно донесување на нвоито закон за управна постапка и евентуално доколку не се смени системот на Законот за управна постапка, јас сметам дкеа навистина несватливо е Република Македонија по 13 години од постоењето на својот самостоен правен и политички систем сеуште да го нема донесено новиот закон за управна постапка и тој мора под итно да биде донесен , бидејки од огромна важност е неговото доенсување и неговото имплементирање. Тој мора да биде компактибилен со законодавството на Европската унија, но без тој закон не ќе можеме да имаме ефикасна администрација, бидјеки навистина овој закон е донесен некаде 70-та година, веќе 35 години функционир аи егзистира во практиката и невозможно е во денешни услови да се применуваат одредбите од законот за управна постапка.

Сметам дека Владата ќе ги забрза овие активности за донесување на новиот закон за управна постапка.

Исто така, на крајот би сакал да кажам дека опсежно и темелно Комисијата за политички систем и односи помеѓу заедниците го разгледа Извештајот и го оцени како солиден, како еден од подобрите во изминатиот период и Комисијата констатира дека Владата мора да превземе енергични мерки против оние што ги прекршуваат правата на граѓаните, а особено против оние поединци и органи кои се оглушуваат и одбиваат било каква соработка со народниот правобранител.

Ние како Комисија предложивме и одредени заклучоци и отаму, и во мое лично име и во име на Комисиајта предлагам Парламентот, односно Собранието го разгледува и го усвои и даде позитивни оценки за овој Извештај, со надеж дека оваа институција ќе се развива , за која што нема да биде одговорен за идниот развој на оваа институција само народниот правобранител, а најголемито дел од одговорноста припаќа нему за развој на оваа институција е одговорен и овој Парламент, но и Владата и затоа мислам дека во иднина граѓаните ќе можат уште поефикасно да ги остварат своите права, затоа што на крајто на краиштата и Собранието и Владата и народнито правобранител постојат токму заради граѓаните, а не обратно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодараиме на господинот Зоран Шапуриќ.

Дали уште некој друг бара збор, бидејки нема други пријавени (никој).

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот .

Пред да преминеме на гласање за заклучоците, јас би ги замолила сите колеги пратеници што се во Собранието да влезат во салата .

Имаме кворум.

На Собранието му предлагам да го усвои заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Предложенито заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

За предложенито заклучок гласаа 67 пратеника, едногласно за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 14-та точка од дневниот ред - Извештај на Агенцијата на Република Македонија за приватизација за работењето и користењето на средствата во 2002 година.

Извештајот на Агенцијата на Република Македонија за приватизација и мислењето на Владата Ви се доставени .

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓата Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван потпретседателке, почитувани претставници од Агенцијата за приватизација, почитувани пратеници,

На дневен ред е Извештајот за работењето и користењето на средствата од страна на Агенцијата за приватизација на Република Македонија , меѓутоа, во најголем дел се дадени податоци и резултати на работењето од почетокот на процесот на трансформација, поточно од 1944 година, до 31.12.2002 година, кои што во Извештајот се споредуваат делумно со постигнатите резултати во 2002 година и ова во основа кај нас пратениците создава забуна. Практично не знаеме што фактички е изработено во 2002 година.

Така, во точката 1 на страница 2 се констатира дека до 31.12.2002 година се трансформирани вкупно 1688 претпријатија, а во извештајниот период, што значи во 2002 година само вкупно 10 претпријатија, бројка што не е за почит, а мислам дека во 2002 година се изврши трансформирање, односно продажба на значаен број претпријатија и акции и можеби грешам, но ова е нејасно, не може да се прифати како резултат на работењето на Агенцијата за изминатата година, дотолку повеќе што треба да го имаме предвид фактот , што вкупните трошоци на Агенцијата дадени на страниците 11 и 12, каде што надоместокот за трошоци на вработени во изминатата година изнесува 7 милиони денари.

Во точката 2 , на страница 4 дадена е состојбата на портфолиeто на Агенцијата без да се анведе бројот на акционерските друштва и бројот на друштвата со ограничена одговорност во кој што тој капитал се наоѓа, за да се преоцени дали тој број е голем или сер аботи за големи акционерски друштва и друштва со граичена одговорност за кој што е потребно да се превземат соодветни активности.

Во истата точка од ставот 2 констатирано е дека во периодот од 1.о1.2002 година до 31.12.2002 година се изготвени 452 предлози до Управниот одбор на Агенцијата за продажба на акции и удели, а донесени се 422 одлуки за продажба, како и доставени до Комисијата на Владата за приватизација 44 иницијативи за продажба на акции и удели од државниот капитал и добиени се согласности за истите. Во ставот 3 од истата точка констатирано е дек ана макеоднската берза на долгорочни хартии од вредност, с е продадени акции во 135 друштва, без да се даде и преглед на удели во друштвата со ограничена одговорност, а изнесените бројки доколку ги споредиме со констатацијата на страна 2 дека во извештајниот период се трансформирани само вкупно 10 претпријатија, овој број не кореспондира и потребно е соодветно да се објасни. Како би знаеле што всушност Агенцијата на планот на приватизација на државниот капитал завршила во извештајната 2002 година. И токму овде почитувани пратеници ќе ја цитирам и Владата. Со оглед дека во Ивештајот не е даден целосен податок за приватизацијата на 450 претпријатија

за кои биле донесени одлуки за приватизација, а приватизирани се 135 претприајтија, се предлага Агенцијата да го дополни Извештајот со подоатоци за периодот во кој се продадени и со колкав дисконт се продадени истите. Со цел да се добие реална слика за состојбата на работењето на Агенцијата за приватизација .

Понатаму во точка 3 на страна 6, дадена е елаборација на надлежноста на Агенцијата за следење и контрола на постапката за трансформација над претприајтијата со општествен капитал и дека надлежности во таа сфера има и Министерството за финансии , како и овластени правни и физички лица. Но , не се дава одговор на прашањето, кои мерки и активности ги презела во однос на доставените 187 барања и известувања, односно обработени 105 писмени извештаи на Агенцијата или многу поконкретно, дали во тие барања и известувања надлежните органи констатирале пропусти и неправилности иако евентуално се констатирани пропусти и незаконитости што е превземено од страна на Агенцијата и надлежните органи и според мене, токму тоа впрочем треба да биде предмет на извештајто за Агенцијата за приватизација.

Од ставот 2 на точка 4, страница 6 се констатира дкеа се продадени вкупно 25 иљади 32 матри квадратни од имотот со кој што располага Агенцијата за вкупна вредност од 954 илљади 589 евра , но не е наведена цената за метар квадратен и дали вредноста по која се продадени објектите е од интерес на државата, дали одговара на пазарните цени и од кои тие продажби профитирале други правни и физички лица.

Во точка 5 став 2 страница 6 дадена е општа констатација за учеството на Агенцијата во спроведување на Законот за денационализација. Меѓутоа, во овој дел треба да се даде и одговор на прашањата колку од државнит имот е даден како надомест на бивши сопственици, по кои цени, за каква замена се работи и дали истиот имот соодвествува со имотот за кој се дава замена.

Истот ака, во вооj дел треба да се даде објаснување колку акции , односно удели се дадени на бившите сопственици како надомест и во колку акционерски друштва со ограничена одговорност се дадени удели како надомест. и конечно, кој е износот со кој што државата е извршила со тоа обврската по овој закон.

Во дадениот преглед на страница 7, точка 6 може да се констатира дека во последните 4 години се приватизирани најпрофитабилните и најбогатите претприајтија на Републиката. Така на пример, ако ја земеме предвид 1995 година, како година значајна за почетокто на приватизацијата на најголем број субјекти, односно 430 правни субјекти, што претставува 25% од вкупнито број на претпријатија

во државата, добиенито надомест изнесува 23 милиони 620 илјади 700 евра. Спореден со 1999 година, кога се приватизирани само 53 претпријатија, што претставува 3,16% од вкупниот број на претпријатија, а добиени се средства во износ стопосто поголем, односно 46 милиони или околу 800 илјади евра, во овој случај треба да се има во предвид дека 1995 година значаен дел од претпријатијата се продаваше со попус и со отплата на повеќе годишни рати. Така д ане држи споредбата повторувана со години дека приватизацијата е завршена во наголем дел и со најмногу средства во претходните години до 1998 година, туку од 1999 година до 2002, потенцирам извршена е приватизација на најбогатите и најпрофитабилните претпријатија.

На страница 8 во табелата за начин на плаќање, потребно е да се разграничат во 2002 година плаќањата извршени со обврзници и конвербатилни серфитикати, за да се види што е платено со конвербатилни сертификати, со оглед на ниската вредност на пазарот со хартии од вредност и кој фактички во кој дел , кој фирми ги купиле акциите односно уделите во тие фирми со сертификати што носеа голема добивка во овој период од купувачите на сертификати.

На страница 9 во постапувањето на Агенцијата за спроведување на одредени исплати од сметката на Агенцијата, констатирани се две исплати. За НИП “Нова Македонија”, акционерско друштво-Скопје и Рудници “Злетово” А.Д.-Пробиштип, потенцирам со извадок од седница на Влада. Не е јасно дали на ваков начин ќе може да се постапува без правен акт на Владата, одлука или решение и за каков фактички извадок се работи.

Ако се работи за извадок од записник на Владата, тоа не е никаков акт и не може да се постапува по истиот. Што значи дека се работело незаконито во овие случаи.

Во таа смисла , исто така, не е јасно дали Владата може да донесе одлука за отпис на средства на “Македонски шуми”, кога согласно законите за задолжување и отпис на средства што и припаѓаат на Републиакта, може да одлучува само Собранието на Република Македонија . Во делот на трошоците на Агенцијата на страница 11 и 12, потребно е да се одговори на пвоеќе прашања за кои што Собранието доколку има надлежности по однос на Годишната сметка на Агенцијата треба да ги одобри или да ги одбие. Така на пример, во делот на трошоците потрошени се по осно на хонорари, договори за дело и слично во 2002 година 11 милиони и околу 400 илјади денари, од кои за контроли , проценка и длабинско снимање и ревизија 6,4 милиони.

Потоа, за изработка на студии, водич на инвестирање во земјите во Европа и други инфромативни системи 2,1 милион денари, што е за дообјаснување и преиспитување.

Имајќи го превдид кадарот со кој располага Агенцијата и платите што ги примаат за вршење ан својата работа, што според мене влегува во нивна надлежност на работа, би требало истите за својата плата да ги изработуваат, а не да се ангажираат надворешни соработници.

Исто така, треба да се образложи износот за надомест на членовите на Управниот одбор на Агенцијата од 1,5 милиони денари, всушност, за колкав број на членови се работи и колкав е месечниот надомест на членовите на Управниот одбор.

За сето напред наведено сметам дека Собранието треба да добие поконкретни одговори, особено што во изминатата година бевме присутни на голема активност на Македонската берза за продажба на акции, каде што продавач беше Агенцијата, како и продажби на удели во друштвата со ограничена одговорност и големиот дисконт добиен при продажба на акционерските друштва, како што е констатирано на страаница 4 и изнесува 74,97% просечен продажен дисконт на акциите во акционерските друштва.

На крајот ќе кажам дека во целината ги поддржувам Предлог-заклучоците доставени од пратеникот Јани Макрадули, но по наведените забелешки и недостатоци ги барам објаснувањата и одговорите на претставниците на Агенцијата за приватизација, па потоа би можеле да го усвоиме Извештајот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И благодариме на пратеничката Наташа Бикова.

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувана потпретсдателке, почитувани пратеници,

Овој Извештај ја имаше таа несреќа да биде после Извештајот на Народниот правобранител и во мојата практика јас сум сретнал извештаи вакви и такви. Вообичаено времетраење по некоја дискусија е обратно пропорционално со големината на Извештајот. Ако Извештајот е исцрпен, вообичаено немаме што многу да кажеме, освен ако е коректен да го пофалиме и поздравиме. А ако Извештајот е краток, тогаш и дискусиите по тој Извештај се долги.

Во овој случај тоа правило не можам никако да го употребам, бидејќи навистина незнам по овој Извештај незнам што можеме да продискутираме и што

можеме да кажеме. Имено, Ивештајот е на 15 страници. Ако ги отфрлиме последните 13 страници што е за мене завршна сметка а не Извештај, останувaат само две страници по кои нешто треба да се каже.

Затоа, упатувам апел до Владата, која го испрати Извештајот со сите забелешки до ова Собрание, сепак да поведе грижа какви луѓе работат во тие агенции и со која цел ни испраќаат ваков извештај затоа што и во овие две страници открив една нова метода на пишување извештај. Ќе ви прочитам нешто. На пример: “Работата и надлежноста на Агенција е: изработка на додкументи, наплата на обврските, промоција на компаниите, продажба на резидуалните акции и тн.” Првата реченица е модифицирана од реченицата која овде е напишана, а напишана е оваа реченица: “Во овој период, работата на Агенцијата беше фокусирана на”. Значи, во Извештајот се пишува она што и се надлежности според законот, само се модифицира воведната реченица и вие имате извештај кој овде треба сериозно да го сватиме и сериозно треба да го анализираме.

Воведоот е исто така за чудење. Таму се вели што направила Агенцијата во текот на минатата година - одлуки за приватизација на приватизацијата согласно тој и тој член. Треба да верувам или да не верувам? Не знам. Нема материјали овде кои тоа ќе го поддржат. Одлуки за согласност и мислење од Агенцијата за трансформација во стечај 4, без никакви дополнителни документи, одлуки за продажба на акции и удели на Агенцијата 422.

Минатата година, а и изминатите години, приватизацијата беше епицентар за сите социјални случувања, економски стресови, најголемиот проблем кој што требаше да се разреши и сеуште го разрешуваме. Да зедоа колегите од мојата власт поставена овдека , само да ги зедоа санкциите по весницивe што се пишуваа во текот на злоупотребата на приватизацијата, па ќе направеа извештај кој што можевме да го дискутираме и да го читаме. Затоа со овие белешки јас можеби ќе гласам за овој извештај ако се прифатат тие забелешки кај што барам комплетна промена и на овој извештај и да ни се достави нов извештај. Но, впрочем мислам дека господинот Борис Трајковски треба да поднесе оставка бидејќи ја злоупотребува институцијата претседател на држава и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навреди граѓаните и ги погази нивните елементарни права.

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Љупчо Јордановски.

Збор има госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Агенцијата за приватизација, почитувани колеги пратеници,

Се трудев со големо внимание да го разгледам Извештајот за работењето на Агенцијата на Република Македонија за приватизација за изминатата 2002 година.

Впечатокот што го добив по разгледувањето на Извештајот што го имаме во овој момент како точка за дискусија е дека покрај декларативното набројување на Агенцијата за нејзините активности за 2002 година одсуствува критички осврт кон сопственото работење и проблемите што секојдневно се манифестираат од одредени приватизации што се завршени на нетранспарентен и незаконски начин.

Секако нема ништо ново и непознато да кажам со констатацијата дека процесот на приватизација што започна во Република Македонија уште во 1989 година со таканаречениот “Закон на Анте Марковиќ” еа потоа продолжи со Законот за трансформација на претпријатијта со општествен капитал е предолг, развлечен и обременет со редица проблеми што ја пратат транзицијата, без оглед на избраниот модел и секако неправичен спрема одредени категории граѓани.

Со последните измени на Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, што ова Собрание го донесе на седницата од 17 април о.г. се очекува да заврши овој процес на транзиција до крајот на оваа година, а статусот на Агенцијата чиј што извештај сега го разгледуваме да се разреши со 31.03.2004 година, што незначи дека одредени проблеми од тој процес нема да останат и понатаму за разрешување, посебно низ судските институции.

Но да се вратам на самиот извештај! Што во сето тоа мноштво од табели, податоци, проценти и коефициенти би издвоила!

Бројката што се јавува како трансформирани односно приватизирани претпријатија во 2002 година од само 10 , укажува дека овој процес е привршува и дека многу мал број претпријатија остануваат неприватизирани, во споредба со претходните години односно од почетокот на процесот, односно тоа е само 0,6% од вкупниот број 1688 претпријатија се приватизирани во 2002 година. И како што се гледа од табелата се работи за мали и неатрактивни претпријатија со проценета вредност од 4,8 милиони евра.

Со тоа Агенцијата не го исполнила зацртаниот план да се приватизираат 89 претпријатија во изминатата година, па аналогно на тоа и приходите планирани по

тој основ не се остварени, а потребните приходи за нејзино работење се остварени од продажбата на резидуалниот дел од акциите што ги поседува во своето портфолио. Од бројот што останува да фигурира од 84 нетрансформирани претпријатија, би заклучиле дека оваа бројка не е голема и дека овој процес без тешкотии може да се заврши до крајот на годината. Но,треба д го во предвид фактот дека во таа навидум мала бројка се кријат големи проблеми, затоа што во тие претпријатија процесот на приватизација не е ни отпочнат, тоа се пред се претпријатија во стечај, каде што стечајната постапка трае предолго и средствата што се проценува да се остварат од тие претпријатија во износ од 42 милиони евра сметам дека се нереални, имајќи го во предвид фактот дека во долгите стечајни постапки тие претпријатија веќе се распродадени, разграбени а општествениот капитал е оштетен.

Управниот одбор по одржаните седници и импресивната бројка од 771 точка ставени на дневен ред, не може да не импресионира, со таксативното набројување што се работел и од кој дел односно од која област колку одлуки донел, кога секојдневно читаме, слушаме и ги гледаме последиците од некои од тие донесени одлуки.

Би прашала?

- Какви мерки презеде Управниот одбор за наплата на ненаплатените акции во кои се изгубени средства во износ од 82 милиони евра, или пак за наплата на акциите дадени на отплата на вработените;

каде е критичкиот осврт за нетраспарентноста при продажбата на акциите на македонската берза на долгорочни хартии од вредност кога не е почитуван член 95 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кога без да се објави продажбата во еден од дневните весници, во весниците на јазиците на народностите и во Службен весник на Република Македонија е извршена продажба!

- Каде е критичкиот осврт на оправдано или неоправдано високите дисконти и до 98% од проценетата вредност и продажбата на фирми обвиени со превезот на мистерија?

Зарем сега тоа не ми се рефлектира во секојдневието.

Би го спомнала актуелниот случај со рудникот “Бучим” Радовиш и фамозниот купувач во ликот на Марк Гут или кој и да е. Потоа случајот НИП “Нова Македонија” и нивното купување со средства од Агенцијата за приватизација и проблемите што произлегоа од тоа, случајот со “ЕМО” - Охрид и ред други.

Од средината од каде што сум претставник би ги спомнала крајно криминалната приватизација на АД “Земјоделска механизација” сегашен “Еко-проект”, каде моментално вработените се на принуден одмор, наместо во сезоната кога би требало најповеќе да работат, тие штрајкуваат и бараат да се појави газдата односно купувачот, којшто и по повеќе од една година се нема појавено да го организира процесот на производство.

Или пак да ја спомнам продажбата на ПОС “Бел Камен” во стечај, кој се продаде, воопшто не проработи по продажбата и остана како споменик на едно криминално време во кое газда на фирма се стануваше преку ноќ. Или пак незапочнатите приватизации во ЗИК “Брегалница” во стечај, “Илинден”, “Интерес” - каде додека да заврши стечајот воопшто и нема да остана општествен капитал.

Зошто во делот за следење на постапките за трансформацијата, толку скромно, и само со неколку редови е кажано дека во 2002 година во Агенцијата се примени 187 барања и известувања за оштетување на општествениот капитал од кои се обработени 105 барања, но воопшто не се спомнува што е констатирано по истите, дали имало повреди во постапката, неправилности и оштетувања на општествениот капитал или пак известувањата биле без предметни. Што се однесува до финансискиот извештај и соодветните биланси на успех и на состојба, констатација ми е дека приходите се поголеми за 4% од споредбениот период односно 2001 година, дека истите како што спомнав понапред се остварени во најголем дел од продажбата на резедуалните акции, а дека се намалени приходите од услуги, пред се, од закулните, за 63% во споредба со 2001 година, и како што е наведено во извештајот поради непостоењето интерес за користење на просторот што го поседува Агенцијата во повеќе градови во Републиката.

Во мноштвото цифрени показатели со кои изобилува Извештајот, немаше да биде на одмет да се спомне со колкав број на вработени Агенцијата ги извршила наведените работи во 2002 година, значи отсуствува тој податок а исто така не ќе беше големо оптоварување да се спомне и бројот на членовите на УО на Агенцијата на кои им е исплатена сумата од скоро 1,6 милиони денари. Големиот износ на трошоци од 6,5 милиони денари за контроли, проценки и слично и 4 милиони денари за адвокатски, нотарски и слични услуги се исто така без образложение.

Би заклучила со констатацијата дека мора да се симне превезот на било каква мистериозност и јасно да се укаже дека овој процес мора да заврши крајно транспарентно, да се преземат потребните мерки од сите надлежни институции, да се преиспитаат барањата во кои се искажуваат сомневања и констатации за

напочитување на законските прописи што ја пратат оваа проблематика. Само на тој начин ќе спречиме незадоволните работници да не ни ги блокираат патиштата, да не ја бараат правдата од институција до институција.

Извештајот го прифаќам со забелешката што ја спомнав на почетокот, дека на истиот нема доза на самокритичност и дека последниот што ќе го разгледуваме за 2003 година треба да ги содржи кумулативно сите податоци за извршената приватизација, но и сите негативности што се манифестирале, посебно од аспект на непочитување на законските прописи.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И благодарам на госпоѓата Емилија Костадинова.

Има збор господинот Славе Арсовски.

(Претседателот Никола Поповски влезе во салата на претседавачкото место).

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници,

Денес пред нас на разгледување е Извештајот за работата на Агенцијата на Република Македонија за приватизација, Извештај кој го отсликува работењето на оваа Агенција за периодот 1.01. до 31.12.2002 година и ако се набљудува глобално истиот извештај, ќе се дојде до едно мислење дека се отсликува едно релативно добро работење на оваа Агенција. Но сепак, ако работите се изанализираат и аналитички набљудуваат, ќе дојдеме до една друга констатација која вели дека во оваа Агенција во овој период има негативни појави, својствени за оваа институција, можеби не само за периодот 2002 година, туку за период од 3-4 години station наназад каде се вршеле доста незаконски дејанија, кои во тој сегмент сеуште имаат негативни импликации, како врз претпријатијата кои биле предмет на приватизацијата, така и директно и индирекно има последици и врз граѓаните на Република Македонија, кои ги чуствуваат последиците од таквите приватизации и веројатно сеуште ќе ги чуствуваат во наредниот период. Не би сакал да ги споменувам, а мора да ги споменам скандалозните приватизации од типот на ОКТА, со скандалозни лоши направени договори, скандалозно лошо направени договори од типот на приватизацијата на “Телеком”, па секојдневно се чудиме како ни се случува такво драстично зголемување на цените на телефонските услуги и тн.

Би се осврнал на самиот извештај, особено на делот на почитувањето на законската регулатива, како е вршена самата приватизција, да речеме во 2002

година, која е содржана и во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, каде што имаме и дополнување во 2002 година, каде што е пропишано како треба да се врши самата приватизација и посебно во делот на продажбата на акции. Ќе цитирам одредени членови од самиот закон и самите можете тоа да го видите дека во Извештајот не е констатирано, а јас се погрижив да дојдам до соодветни податоци кои се веродостојни дека истата регулатива не е почитувана од надлежните органи на самата Агенција и според истиот закон во членот 95, од Законот за трансформација на претпријатијата со опшествен капитал се вели дека акциите и уделие издадени од Агенцијата, согласно одредбите на овој закон, Агенцијата ги става на продажба одделно или во пакет со акции и удели издадени од Република Македонија.

Продажбата на акциите и уделите се објавува во еден од дневните весници што излегува во Република Македонија, во весниците на јазиците на националностите и во “Службен весник на Република Македонија” и по потреба и во меѓународен информативен весник.

Јас се сомневам дека ова е направено во 2002 година, да не зборуваме за 2001 година, каде што имам исто така соодветни податоци, каде што оваа продажба нетранспарентно е направена за низ претпријатија, тој материјал го имам, каде шшто ниту е објавено, ниту одлуките кои што ги донесува Управниот одбор, ниту се објавувале во весниците, а најмалку во некој меѓународен информативен весник. Ако видите во трошоците за Агенција за приватизација за 2002 година дека трошоци за огласи во меѓународни информативни весници нема, а се извршија соодветни претпријатија.

Посебно, многу е битно во техниката на продажбата на акциите каде што во истиот закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал е пропишано како може да се даваат соодветните дисконти кои што, ние бевме сведоци во минатата година и пред минатите години кои што се даваа за продажбата на овие акции и според истите членови, членот 95 вели - продажбата на акциите се врши во три сесии на берза, се разбира. Продажбата на акции што се врши на сесии се објавува во временски интервали пред акциите да бидат понудени на берза. При првата понуда на акциите на берза на било која од трите сесии, акциите се нудат по почетна цена која не е пониска од номиналната цена. Ако акциите не бидат продадени по номинална цена, на било кои од трите сесии, Управниот одбор на Агенцијата може да донесе одлука за намалување на номиналната цена на акциите, најдоцна во рок од осум дена. Ова е законското

решение кое што произлегува од Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал. Значи, мора да се понудат на три сесии и после третата, Управниот одбор може да донесе одлука за намалување на номиналната вредност и да се даде соодветниот дисконт. Практично, што се случувало, овие пропишани законски норми нормално не се применувале, напротив, драстично се кршеле од страна на органите на управување на Агенцијата, така да при продажбата на акциите дисконтите се одобрувале веќе при првата сесија, со што фактички се нарушува самото законско решение, некогаш при втората сесија и се давале неверователно високи дисконти. Тука во извештајот, има напоменато, дека просечните дисконти во 2002 година изнесуваа некаде 74,97%, но, тие дисконти, како што претходно некој тука истакна, изнесувале многу повеќе и се расзбира, со мали средства, некои доаѓале до голем капитал. Такви примери на продажба во 2002 година има повеќе, иако во Извештајот истото не е констатирано. Треба да знаеме, односно просечни дисконти, кои надминувале и над 80%, јас го извадив тој податок да ви кажам искрено, на претпријатија, односно на пакет акции што се продадени во 2002 година и би ги спомнал како подрастични “Лозар” - Велес со дисконт од 80%, “Огражден” - Берово со 90% дисконт, “Декортекс” - Радовиш. “Монтинг” - Битола со 98% дисконт, “Овче Поле” - Угостителско и трговија - Свети Николе, Медицинска пластика - Тетово, “Нова Македонија” и т.н. Значи, драстично непочитување на законските норми кои што се применувале во продажбата на самите акции.

Во Извештајот не се истакнати дали навреме, она што претходно го спомнав, се објавувале соодветните одлуки за продажба, односно огласи, тврдам, во тој дел имам голем сомнеж и дека истото не е најтранспарентно направено.

Исто така, би сакал да се осврнам во делот на трошењето на средствата што ги има остварено Агенцијата за приватизација во 2002 година. Исто така, сметам дека тука не се почитувала законската регулатива, иако истото е предвидено во членот 93 став 2, од Законот за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост, каде што е предвидено како можат да се трошат остварените средства во Агенцијата за приватизација. Јас тука ќе ви елаборирам, многу децидно е кажано во самиот закон, во самиот член 93 став 2 и колку тој истиот се почитува, ви тврдам дека не се почитува, односно истите средства не се трошеле во согласност со истиот член. Според членот 93 став 2 од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, средствата согласно Законот, средствата можат да се трошат за следното. Дел од средствата се наменети за враќање на внатрешни и надворешни долгови на Република

Македонија, а особено на долгот по основ на девизни штедни влогови. Дел од средствата се наменети за обезбедување на правата на работниците и создавање на можности за вработување на работниците кои што ќе останат без работа, заради сопственичка трансформација. Дел на средства се наменети за обесштетување на лицата кои полагаат право на сопственост согласно со прописите за денационализација и не можеле да бидат обештетени со акции и удели и дел од средствата се наменети за развојни програми и проекти.

Во оваа 2002 година не би сакал, во 2001 можеби е уште подрастично тоа направено, незаконско трошење, спротивно од овој член од Законот за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост. Во самиот Извештај има извадок како големи средства се трошени, мислам дека претходниве дискутанти истакнаа, колешката Наташа истакна за во 2002 година подрастични примери, па се вели дека Владата на Република Македонија со Одлука број таа и таа од 30.07.2002 година ја задолжила Агенцијата на Република Македонија за приватизација да исплати неповратна помош за рудникот "Саса" во износ од 30 милиони денари. Понатаму, со Одлука исто така помош на "Руин" од 20 милиони денари, по извадок од седница на Владата на Република Македонија елабораше Наташа, дадени се 134.056 милиони денари толку експонирани тие средства за "Нова Македонија", за самата приватизација како што вие знаете, со истите средства е купена "Нова Македонија". Не се дадени плати на работниците, нормално си има постапки во тој дел. Понатаму, тука има исто така драстично кршење, Владата на Република Македонија со Одлука од 22.01.2002 година за отпис на 48 милиони денари по комисионо кредитирање од страна на Агенцијата на Јавното претпријатие "Македонски шуми". Имено, Агенцијата за приватизација во 2001 година склучила комисиони договори за давање на краткорочен кредит преку Балканска банка на Јавното претпријатие "Македонски шуми" од средствата остварени со приватизација на претпријатијата со општествен капитал што е директно спротивно со одредбите од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, односно Агенцијата распределбата на средствата остварени од приватизација треба да ги врши согласно членот 93 од самиот закон. Значи, никаква законска поткрепа. Што може да се констатира. Може да се констатира дека имаме грубо кршење на самата законска регулатива, што веројатно институциите на системот ќе си ги преземат сите мерки против лицата кои ја кршеле оваа законска регулатива. Сепак, се работи за големи износи кои што стриктно со Законот е пропишано дека не можат така да се користат, а истите во суштина и се користеле.

Во делот на направените трошоци на Агенцијата во 2002 година даден е соодветен преглед, можеби ние економистите, веднаш не боди во очи дека се направени високи трошоци, повеќе од нематеријалната сфера, односно нематеријалните трошоци. Не би сакал, тоа го искоментираа претходните дискутанти, но бодат во очи трошоците ако видите за репрезентација од 1,5 милион денари. Значи, добро се гостеле, не е мала сума, па трошоците за договор на дело што се направени, членовите на Управниот одбор добро профитирале. Таа ставка е некаде еден и пол милион и повеќе, незнам колку бил паушалот, сигурно по овие податоци доста голем, што сепак мислам дека не требало и никако не смееле да се направат такви големи трошоци.

Сепак, за да се даде соодветно целосна слика за извршената приватизација на претпријатијата во 2002 година, како и сите недостатоци по основ на овој Извештај, по основ на одобрените дисконти при продажбата на самите акции во претпријатијата во овој Извештај, нормално би требало да се дополни, да имаме една пореална слика за целокупното работење на оваа Агенција заприватизација, толку експонирана во негативна смисла, се разбира во овој минат период. Да ви кажам искрено, добро што ние пред извесно време го донесовме Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и каде што оваа институција фактички до 31.12. ќе престане да егзистира, односно овој процес треба да се заврши и истиот во овој период мора да се заврши транспаретно во склад со законката регулатива, а не со кршење на таа законска регулатива. Фактички, трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал конечно и да заврши.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господин Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Агенцијата, почитувани колеги пратеници,

Македонија, како и сите други поранешни социјалистички држави, одрејќи по патот на транзицијата од централизирано планирана и повеќе и помалку диригирана економија, кон пазарна економија, мораше покрај либерализацијата на

пазарот и трговијата, да се соочи со уште еден многу голем проблем, а тоа е приватизацијата на државните или општествените претпријатија, како што беше случај кај нас.

Зошто ова беше проблем на сите земји во транзиција? Затоа што, едноставно, граѓаните на овие земји и почетниците во приватниот бизнис немаа доволно средства да ја откупат реалната вредност на државните т.е. општествените претпријатија, кој беше стваран со децении и од страна на многу генерации. Моето мислење за начинот на користењето на средствата кои се прибираат од приватизацијата, го искажав во дискусијата по повод Буџетот на Република Македонија за 2003 година, па затоа денеска на таа тема нема да се задржам.

Факт е дека во ниту една земја од поранешниот социјалистички систем не се спроведе доволно правична приватизација, приватизација по мерка на граѓаните. Но, јас најправин сакам да се задржам на едно друго прашање.

Дали е поважно да се спроведе брза, или подобро речено брзоплета приватизација, без разлика на проблемите и пропустите што таа ги носи, или е многу побитно да се спроведе правилна, контролирана и стратегиски добро планирана приватизација, па макар тој процес би траел и нешто подолго. Од Извештајот што денес го имаме на дневен ред, очигледно е дека Република Македонија го одбра првиот начин, на брза со закон обврзувачка и сеопфатна приватизација, која мора сите да се сложиме беше пропратена со многу грешки, пропусти и долгорочно гледано негативни ефекти по државата. Работењето на Агенцијата за приватизација, покрај тоа што ќе биде запомнето поголемиот број на директори кои продефилираа низ неа за многу кратко време, сигурно ќе биде запомнето и поголемиот број на афери, реакции на вработените пред зградата на Агенцијата, револуционерни бранења на фабриките од упад на оние кои што велат дека легално го купиле управувачкиот пакет. Огромен број на барања за контрола на приватизацијата, спектакуларни дисконти за претпријатија кои добро работат, нетранспарентност при продажбата, сомнителни купувачи со уште посомнително потекло на парите и многу други наши македонски специјалитети, кои за волја на вистината, дел од нив може да се најдат и во останатите земји кои го решаваа проблемот на приватизацијата. Брзата приватизација се бранеше и денес се брани, со образложение дека државата е најлош стопанственик и дека е подобро и лоша приватизација, отколку државна сопственост и државно управување.

Почитувани пратеници,

Покрај пропустите и повредите на Законот за трансформација при самата постапка на трансформација која ја водеше Агенцијата за приватизација, јас сакам да укажам уште на еден проблем кој досега мислам дека се занемаруваше.

Дали државата имаше изградена стратегија како да се грижи за сите тие повеќе или помалку значајни учества во управувањето со претпријатијата кои сеуште не беа приватизирани. Дали констатацијата дека државата е лош стопанственик ни беше доволен аргумент или алиби воопшто да не водиме сметка за државниот имот и за државните управувачки права. Во Република Македонија последниве неколку години се шетаа многу таканаречени претставници или повереници на Агенцијата за приватизација или на државниот капитал, кој на сметка на претпријатијата во кои требаше да го штитат државниот интерес возеа службени автомобили, правеа огромни сметки за мобилни телефони, одлучуваа за трговски зделки за кои не беа овластени, земаа огромни паушали, т.е. надоместоци за нивното зачленување во управните органи и работеа многу други работи, но не и она за што беа назначени, да се грижат за државниот интерес и да учествуваат во управувањето на претпријатијата како добри домаќини.

И на крајот, многу зачудувачка констатација. Во ниту еден случај овие претставници на државниот капитал не покренале судска постапка за надомест на општествениот државен имот и покрај тоа што менаџерите на овие фирми правеа огромни загуби, поради нестручно и несовесно раководење и управување со претпријатијата, многукратно е намалена вредноста на капиталот на друштвата. Целокупниот движен и недвижен имот го продаваа со фактура, како да станува збор за продажба на одреден предмет, или за вршење на одредена услуга и многу други современи бизнис игри.

Дали овие повереници не можеле да покренат судски спор согласно член 320 од Законот за трговските друштва. На кого овие луѓе даваа отчет за своето работење. Пред Агенцијата за приватизација, пред Министерството за економија, или можеби пред Јавниот правобранител на Република Македонија. Па добро, во член 2 од Законот за јавното правобранителство пишува дека Јавното правобранителство се основа како служба на Владата на Република Македонија која превзема со закон определени мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интересите на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Констатацијата дека државата е најлош стопанственик, не ни дава право да замижеме пред овие слабости. На крајот на краиштата, дека е подобро

фирмата уште некоја година да остане неприватизирана, отколку да се разграби преку ноќ, најдобро ни покажува примерот на Словенија. Во Словенија на почетокот на 2002 година, државата поседуваше дури 50% од претпријатијата. Но, тоа не им пречеше да бидат единствени од поранешните југословенски републики кои ќе го надминат бруто општествениот производ од 1990 година, ниту пак им пречеше да влезат во Европската заедница, дури тие и такви, неприватизирани претпријатија беа главни инвеститори во соседна Хрватска. Некој ќе рече, веќе е доцна и нема што да се исправи. Но, јас мислам дека нашата Агенција за приватизација ја чека уште многу работа. Во голем број претпријатија како што стои во Извештајот, не се плаќаат акциите или уделите запишани под повластени услови. Ваквите договори сигурно ќе се раскинат и овие акции и удели пак ќе се вратат во Агенцијата. Ова како неповолен факт го истакнува и Владата на Република Македонија во мислењето по Извештајот. Но, и таа како изготвувачите на Извештајот, погрешно го употребуваат изразот изгубени акции. Овие акции не се изгубени и по раскинување на договорите, пак ќе влезат во портфолиото на Агенцијата, но нивната пазарна цена т.е. вредност ќе биде драстично намалена, поради лошото финансиско работење на овие претријатија, а е покрај другото и резултат на скоро никаква контрола од страна на Агенцијата.

Во случајот најдобрите фирми во Македонија после приватизацијата се среќаваат со една голема блокада и јас незнам и самиот зошто, но сигурно дека има тешка позадина во сето тоа работење и недвижен имот на претпријатието, или со земени кредити, кои никогаш не влегле во претпријатието. А заради дадените хипотеки претпријатието останало без својот имот. Ако Агенцијата според својата поставеност нема ингеренции за спроведување на контроли и ревизии, тогаш таа е должна за сите овие случаи да поднесе барање до Управата за јавни приходи, до јавниот обвинител и до јавниот правобранител, тие да ги превземат неопходните мерки во согласност со нивните законски надлежности. Би бил многу задоволен, кога барем еден дел од овие мои прашања би добиле одговор во едно дополнување на овој изв ештај, кое по мое мислење е неопходно и ни биде доставено на една од наредните седници на разгледување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, многу нешто е кажано од претходните дискутанти, ја ќе се обидам да не се повторам, како што знаеме сите во

согласност со одредбите на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Агенцијата за приватизација е обврзана пред Парламентот да достави информација за својата работа за претходната година, што Собранието треба да ја усвои. Информацијата што ја добивме од Агенцијата за приватизација за 2002 година се претставени постигнатите резултати, како во однос на приватизацијата на претпријатијата, така од аспект на реализација на финансискиот план на Агенцијата. Во претходниот период, според податоците од информацијата, станува збор за трансформација на 10 претпријатија со општествен капитал и тоа сите како мали претпријатија, а во две претпријатија големи и средни процесот на трансформација е во тек на процедура. Значи гледано според секторите, овие претпријатија се во индустријата, две во земјоделието, две во трговијата и во туризмот. Според моделот трансформацијата на претпријатијата е направена врз основа на продажба на идеалниот удел. Агенцијата исто така направи продажба на акциии удели во државна сопственост, така е направена продажба на акции во 123 акционерски друштва , значи она што посебно се нагласува за минатата година и покрај она што доминантната вредност на продажниот капитал, значи на акциите и уделите е поголема од 2002 година, реализацијата на продажната сума во споредба со 2001 е помала. Ова може да се види од информацијата презентирана од страна на Агенцијата. Но, од информацијата не може да се види причината за едно вакво нешто.

Од друга страна од 135 акционерски друштва продажбата на акциите е направена со намалување или со дисконт, но не се даваат податоци за висината на дисконтот со кој е направена продажбата на акциите.

На крајот сакам да кажам дека ќе ги поддржам предлозите на заклучоците од страна на пратеникот Макрадули, со една забелешка дека во насловот станува збор за предлог-заклучоци, а додека во точката 4 станува збор за предлог-заклучок, мислам дека треба да се направи една хармонизација, усогласување и како второ, мислам дека третиот заклучок, не сум против третиот заклучок, но сепак се плашам дека овој заклучок да не се подразбере како инпомирање на волја на Собранието над Агенцијата и да не се случи во иднина да имаме приватизација надвор од секој стандард, или пак надвор од законските одредби во однос на трансформација на општествениот капитал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да потсетам дека третиот заклучок со закон е утврден. Имаме закон со кој приватизацијата на 1 март Агенцијата се укинува, во таа смисла и можеме да го толкуваме.

Има збор господинот Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани пратенички ќе бидам сосема краток со оглед на тоа што многу работи се искажаа од претходните дискутанти, иако лично очекував дека овој извештај на Агенцијата за приватизација како една клучна агенција или институција во економскиот живот на Република Македонија, не само во изминатите 12 години, туку и понатаму, не само до завршување на нејзиниот мандат, туку со што последиците таа ќе ги предизвика со своето работење е едно од најбитните агенции и мора да посветиме максимално внимание, што не беше посветено во најмала рака на собраниските матични комисии, Комисијата за економски систем и Комисијата за финансирање и буџет, незнам од кои причини и во таа насока ја гледам доволната заинтересираност, пред се на пратениците од позицијата да дискутираат за ова прашање она што го очекував во намјала рака од пратениците од опозицијата, за кое што сметам дека со оглед на тоа дека имаше и министер за финансии како и други кои што се занимаваа со таа материја, имаат што да кажат.

Агенцијата за приватизација мора со овој извештај и ние со односот кон него да дискутираме или да го сфатиме само како технички, со оглед на тоа дека во овој извештај треба со нашата дискусија да се покаже како Агенциата за приватизација во најмала рака до завршување на мандатот треба да работи, или како не треба да работи, имајќи предвид се тоа што се случуваше во изминатиот период.

Агенцијата за приватизација наместо да биде симулатор на економскиот живот, да создава бизнис клима, да превзема акции кои ќе овозможуваат доверба на инвеститори, претприемништво и тн., класична промена на сопственичката структура, напротив, беше агенција која го создаваше сосема спротивното. Перманентно беше поврзана со контраверзии, перманентно беше поврзана со политичкиот притисок од страна на во тој момент владеачка гарнитура, креираше недоверба на инвеститорите, го доведуваше во доверба правниот систем, односно ги стимулираше сите оние аспекти, кои што, доколку вие сте претприемач, доколку сакате да работите успешно, не дај Боже да сте инвеститор од странство треба се

да помислите, освен да не дојдете во Република Македонија. Токму затоа оваа агенција е клучна за следниот период, онаму каде што и Владата и ние ја поддржавме во тоа, донесе одлука конечно да се заврши тој процес на трансформација, процес кој што доколку се спроведе поинаку, може во најмала рака и да ја врати довербата на инвеститорите во економијата во Република Македонија и да стимулира и позитивни ефекти.

Два клучни збора или термини беа својствени за Агенцијата за приватизација во исминатиот период, посебно за 2002 година, овој извештај што го разгледуваме и сега, а тоа е дисконт и нетранспарентност. Не само директорот на Агенцијата за приватизација, за кој што знаете дека е покренато основано сомнение за злоупотреба на службената должност, туку од пратеникот Славе Арсовски се спомна и управниот одбор кој што е вклучен во прифаќањето на одлуките на директорот за одредување на дисконтот одиграа клучна работа во креирањето на овие дисконти. Просечната стапка е 75%. Никој не ја оспорува потребата на Агенцијата да го направи капиталот поатрактивен, онаму каде што тој не е. Но за тоа треба да постои строго регулирана методологија, треба да постои процедура, треба да постојат критериуми, она што не беше направено во изминатиот период, она што не беше почитувано во изминатиот период. Ниту се утврдува, ниту се користеше, или се имаше предвид при утврдување на дисконтот времетраењето на објавата на уделите на Агенцијата на берзата, па за да се види зошто толку време тие во тој случај не се купуваат, ниту пак за веќе трансоформираните претпријатија се анализираше моменталната ситуација кога се продаваа ризидуалите, со оглед на тоа дека анализата на состојбата на претпријатијата ја дава и нејзината пазарна вредност на берзата. Имавме ситуација на берзата да се тргува со постојните акции од претпријатието по една вредност, а Агенцијата ги продава резидуалите со дисконт од 80%, со тоа правејќи кладична дисторзија на пазарот. Ниту пак се користеа било кои економски критериуми за утврдување на самиот дисконт и она што беше случај, а тоа беше субјективизмот или политичкиот волонтаризам за утврдување на дисконтот, а тоа не е само дисконт технички споменато, туку тоа е вредност во која што некој во име на граѓаните кој го продава државниот капитал, тоа е клиучното прашање, ќе треба да сње регулира во следниот период, со оглед на тоа дека постојат сеуште резидуални акции или акции во сопственост на Агенцијата за тоа што треба дополнително да се продаваат иако за тоа постојат најави, сугестија од Агенцијата е што е можно побрзо да се утврди посебна методологија со економски критериуми за утврдување на дисконтот за продажба на

овие резидуали на Агенцијата. Без тоа може да ни се случи истото. Се злоупотребуваше и самата постапка на продавање на уделите на Агенцијата во претпријатијата или во трансформацијата. Иако во дадени временски периоди се менуваше и времето за продажба или за огласување на самите акции на берзата, Агенцијата врз база на сопствена политичка проценка преку своите брокери овластени за тргување со акциите, иако ќе објавеше дека можеби во дадениот период е потребно да помине месец дена од објавувањето на огласот за продажба на акциите и по истекот на месец дена не се случи продажбата на акциите, со тоа правејќи нелојална конкуренција на самата берза, со оглед на тоа дека инвеститорите депонираат гаранции кои што чинат пари, го комулираат својот потенцијал, темпирајќи го токму за времето на продажбата, а претпоставените во Агенцијата, со одложувањето на продажбата од месец, два, три, четири, правеа ситуација во која што преку инсајдерски информации ги продаваа претпријатијата само на оние на кои што претходно беше договорено. Факт кој што беше присутен максимално во 2002 година. Факт кој што не смее да ни се повтори во 2003 година.

Агенцијата продаде и голем број на објекти, кои што исто така користеји ја одредбата која што очигледно беше позната само на ексклузивен број на луѓе во оваа држава, ги продаваше со една одредба, со која што доколку платите во кеш добивате дисконт од 70%, притоа во огласите, во јавните медиуми таа одредба никогаш не беше спомената. Таа информација ја знаеја само оние што однапред знаеја дека треба да ги купат тие објекти во сопственост на Агенцијата, притоа повторно правејќи дискриминација и на пазарот, но и дискриминација на сите оние кои што тендерираа или сакаа да ги купат објектите. На крајот на краиштата се сомневам дека Агенцијата за приватизација ги има и физичкки видено во добар дел објектите кои што ги поседува.

Со оглед на тоа дека тие објекти беа отстапени, или од страна на самите претпријатија, затоа што сакаа да ја намалат главницата која сакаа да се продава, или пак неможејќи да ги отплатат ратите преминуваа во сопственост на Агенцијата. Тоа воопшто не е проблем, доколку не се има предвид од друга страна дека тие објекти иако беа во сопственост на Агенцијата беа стопанисувани токму од истите претпријатија. За тоа Агенцијата ниту наплаќаше надоместок, ниту се плаќаше некоја рента, тие средства останувaa како екстра профит во рацете на оние кои што претходно ги купиле претприатијата. Ова се само неколку сегменти. Верувајте многу малку од она што може да се каже за оваа агенција, апсолутно овој извештај не може да биде комплетен и прифатлив без заклучоците од Парламентот, но не само

заклучоците, туку и фит бегот или повратната врска од Владата и Агенцијата и Министерството за финансии по тие заклучоци, бидејќи Агенцијата иако ќе работи уште релативно кратко време не е едноставно каква, некој рече историска, се согласувам историска улога, одиграла или допрва ќе одигра во креирањето на економскиот живот во Република Македонија . Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Слушав подолго време дискусија по оваа точка, се изнесоа нашите колеги од позицијата и очекував, слушајќи ги нив мислам дека како да зборуваше чисто опозицијата за работата на Агенцијата, затоа што изгледа имаме некој проблем. Проблемот се состои во тоа што некој не сака да ги спореди или воопшто не сака ни да разговара за бројките. Воопшто, статистиката и бројките е математика што, една егзактна наука во која што бројките зборуваат се. Значи бројките кажуваат нешто што од 1994 до 1998 година се приватизирани некаде околу 54% д претпријатијата или 85% од претпријатијата, чиј број изнесува 1435, а од 1999 година до 2002 година само 253 или тоа е само 15%. Парите кои што ги донесоа овие 85% од приватизираните претприатија изнесуваат 175 милиони евра или тоа е 54% од она што Агенцијата досега го остварила. Од 1999 година до 2002 година тоа е некаде 150 милиони евра или во процент 46%. Ова кажува една голема диспропорција во однос на она што е продадено и за колку е продадено до 1998 година и ова што следело после 1999 година. Дали тоа некој не сака да го види или сака да го презентира обратно, незнам, сигурно дека сите говорници ја знаат целта на своите дискусии, а јас би сакал да го пренесам она што значи бројка и она што значи поминатата работа. Значи многу се манипулира со една вредност дека во последните години се продавале претпријатија кои имале многу голема вредност и токму поради тоа добиените средства во овие години се толку големи. Јас ќе прашам, дали за Македонија како една држава која што ги имаше како Цементара, Железара, Пивара, ОХИС, дали сите тие фирми кои што се приватизирани пред 1998 година, потоа Фершпед, дали тие не претставуваа вредност и дали тие требаше да се продадат така како што се продаваа. Тука многу често слушав дека тие купувачи биле сомнителни, биле странци за кои што не можеме да известиме од

каде се нивните средства. Јас ќе ве запрашам, ако многу луѓе тука пријавуваат 5000 евра, како можат да станат газди на едни фирми кои што ги гледаме тука во милионски суми.

И сега, единствениот начин е да се формираат менаџерски тимови, да се викнат работниците, да се запрети дека ќе бидат избркани, да се купат тие акции без вредност и фирмата станува сопственост на тимот за приватизација и она што сакаме да им го понудиме на граѓаните, преку агенцијата за приватизација како ќе оди натамошната приватизација на оние претпријатија што останале. На почетокот кажавте дека ќе се излегува на берза со 10% од номиналната вредност на акциите, значи во старт даваме 90% дисконт.А, цело време тука кажуваме 70% или незнам колку, немало транспарентност. Сега се ќе се случува во еден ден, ќе биде продадено претпријатието со почетен дисконт од 90%, што знажи може и за едно Евро да се продаде, бидејќи нема да има заинтересирани, дека тој е безвреден капитал и веќе се продава, но се продава капиталот без вработените. Ќе ни се случи она што ни се случи 1996 година, кога во битола се затворени 38 фирми, кога на улица се најдоа повеќе од 10 илјади вработени, кога никој за ништо не водеше грижа и фирми како “Битолатекст”, “Свилара”, “Кожара” и уште други 35 фирми, како Фабриката за фрижидери, фирми кои и во поранешна Југославија значеа нешто, ги снема преку ноќ, затоа што беа купени од менаџерски тимови, кои наредните неколку години ќе плаќаат. Едноставно никој нема интерес во сето тоа и тие фирми згаснаа. Значи, повторно да го очекуваме ова, илјадници работници да се најдат надвор, а еве ги најавите за господата од “Електростопанство на Македонија”, веќе во стартот пречаст 1100 вработени. Сите вие го критикувавте почетокот на продажбата на “Електростопанство на Македонија” и како партија кажувавте дека стоите зад тие вработени стоите зад најголемото богатство на Македонија. Но, сега што се случува со вас јас незнам, поминаа 8 месеци, а веќе вработените во “Електростопанство” почнаа да ни пречат. И имаме голем проблем, така што многу треба да се размисли. Пред вас се бројки кои некој ги направил. Кој колку сака да ги прифати бројките, колку се тоа големи фирми кои биле продадени од 1999 до 2002 година и колку се претходно продадени вие најдобро знаете, а знаат и граѓаните на РМ, така што мислам дека ќе биде проблем да објаснуваме.

Тука слушнав дека сите овие приватизации треба да течат по некој редослед, критериуми и методологија. Но, колку што знам, сето ова треба да се работи по закон, тој закон е донесен и многу убаво некој од колегите од позицијата прочита дека треба да се извади три пати па да се добие дисконт. Сето тоа да биде

регуларно и според законот. Ако, има прекршување на законот, тогаш во ред, но што правиме со оние фирми кои се продадени до 1998 година и веќе не се знае ни кој е газда на тие фирми, работниците веќе долго време си ги бараат правата, немаат повеќе ни акции, немаат повеќе ни фирма, ни ништо и едноставно се оставени на улица. Сега, ќе почнеме со некои други закони и со тоа што ќе им овозможиме самовработување. Тоа е нешто за кое ќе дискутираме во некоја друга прилика. Но, кога ќе го гледаме ова, останува дека со дисконтот во старт се дадени 90%, а вие сега зборувате за оваа фирма е дадено толку, но од друга страна се оди на тоа и за едно евро да биде продадена фирма.

Затоа, јас мислам дека конечно е време актуелната Влада да си поднесе оставка заради сериозните намери да ги урива институциите на системот и истите да ги инструментализира во исклучиви партиски потреби на СДСМ, случајот со Републичкиот судски совет, членот 11 од Законот за помилување, поради катастсрофалната безбедносна состојба во РМ, и тешката економска состојба на граѓаните. И на крајот поради нотoрната неспособност на Владата да ги решава напластените проблеми и лошата состојба во државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Мавровски.

Реплика за г-динот Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Бидејќи дел од дискусијата што ја имав се спомна од колегата Мавровски, би реплицирал, бидејќи не треба пред јавноста да се изнесуваат заради маркетинг некои работи. Токму во мојата дискусија спомнав дека десконтите треба да бидат во согласност со законската регулатива, односно согласно член 95 од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал. И самиот се негиравте дека треба да се почитува законската регулатива, а јас спомнав факт е дека во 2002 година, по основ на одобрените дисконти, не се почитува законската регулатива, ништо друго, дека дисконтите се одобруваат после објавата на пакетот на акции, после третата сесија, После третата сесија управниот одбор може да донесе одлука за одобрен дисконт, бидејќи нема интерес од некој пакет акции за некое претпријатие. Сега не треба да го мешате ова што како закон го озаконивме токму пред извесно време, кога го дополнивме законот за трансормација на претпријатијата со општествен капитал, каде што се предвиде член во кој се вели дека акциите ќе се нудат со 10% од номиналната вредност, но на берза со надавање. На таа берза, ако таа акција се нуди со 10% може да ја постигне

соодветната висока пазарна цена. Јас тоа го спомнав. Ова е направено во 2002 година, таа законска регулатива апсолутно не се почитувала и “Монтинг - Битола” е даден во втората сесија, тој дисконт е одобрен со 98%. Не смеело тоа да се направи. После третата објава можело да се направи, ако треба и 100%, но пазарната цена ќе се постигнела. Јас дискутирам за тој дел, а во тој дел и вие самите констатиравте дека Зaкононот мора да се пожитува. Јас тврдев дека Законот не е почитуван, имало високи дисконти, не е направена објава на продажба на пакет акции и многу такви негативни појави кои се случувале. А дали сега ќе се отпуштат работници од Електростопанство или Владата да поднесе оставка, вчера имаше локални избори, се виде довербата на граѓаните спрема оваа власт и мислам дека не треба поголем коментар од тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Колеги пратеници, се надевам дека ќе бидам прилично кратко. Сакам да изнесам само неколку размислувања и мој предлог со кој треба да се дополни овој Извештај, за да можеме реално да ја согледаме состојбата и да донесеме правилни ставови.

Изгледа на овој пратенички состав ќе припадне “честа” да го заокружиме процесот на приватизација на РМ, со укинувањето на Агенцијата за приватизација и Законот кој го донесовме и тогаш може би ќе можеме да донесеме оценки за целокупниот процес на приватизација кој се одвиваше во РМ, и поцелосно да ја согледаме состојбата и да донесеме конечен став. Тогаш ќе можеме да согледаме колку приватизацијата била брза, ефикасна, платена или праведна.

Ќе кажам само неколку зборови. Многу од партиите, посебо партиите кои се назначуваат со народен предзнак беа за праведна приватизација, а на крајот излгеда ќе ги согледаме резултатите и ќе видиме кои се тие што зборуваа за праведна приватизација. Така на пример, многу мина од нас овде имаат по 20-тина години по работен стаж па не добиле ниту една акција, а има некој кои се со една година работен стаж, па добиле акции во многу претпријатија и сега имаат и дебела заработувачка и можат да ги продаваат своите акции, како и многу други работи. Но, сепак, велам тоа се прашања кои можеме да ги разгледуваме наредната година.

За да донесеме правилни оценки, треба да располагаме со податоци и анализи. Овој извештај што им е доставен на пратениците овде, само со една реченица можам да кажам дека од овој извештај не можеме ама баш ништо да

согледаме освен сувопарни бројки, кои ако ги гледаме вака како бројки можеме да донесеме погрешни заклучоци и можеме да направиме штета на одредени претпријатија и институции. Затоа, сметам дека овој ваков извештај, како што е даден, не претставува ништо друго туку извештај кој што содржи бројки собрани за работата во текот на минатата година, но од друга страна не може да даде никаков квалитативен пристап за оценка на работата на Агенцијата. Затоа, сметам дека ваков каков што е даден извештајот не можеме да го прифатиме. Ќе наведам пример.

Од одредени дискутанти беа изнесувани бројки колку претпријатија се приватизирани до 2001 година, па потоа колку се приватизирани до 2002 година. Но, мораме да сметаме на едно. Имено, ако навлеземе поаналитички во овој материјал и во приватизациите кои се извршувани во минатите години, како дилема се наметнува и мораме да направиме голема разлика: Што претставува приватизација по моделот откуп на акции од вработените, што претставува приватизација по моделот со преземање на управувањето, или таканареченото менаџерско раководење и откуп на менаџери и што претставува третиот модел, продажбата со дисконт. Мојта првична оценка е, без доволно резултати, дека најштетна излезе онаа со продажба со големи дисконти. Најштетна приватизација, со најголем број малверзација. И да не правиме забуни, премногу голема е разликата меѓу продажба на претпријатија со дисконт со дискреционо право на одредени вработени во Агенцијата за приватизација и членови на Управните одбори и продажбата односно т.н. аукциска продажба што започнува со 10% од номиналната вредност на претпријатијата, но вредноста на тие претпријатија, доколку се успешни, може да достигне многу повеќе од оние 10%. А оние кои веќе дале 90%, тука веќе немаме мпостигнување на подобра вредност и затоа сметам дека тоа е расправа која заслужува многу поголема анализа и во еден нареден период ќе можеме да донесеме правилни заклучоци.

Сметам дека треба да се дополни овој извњештај и затоа сметам дека треба да го вратиме извештајот, а тоа е заради следното. Ќе набројам само неколку работи што беа изнесени во извештајот.

На страница 3 од Извештајот се вели: “Следење на постапките за трансформација” и во него има десетина реченици дека во минатата година ги следеле постапките за приватизација, но нема што од тоа следење на постапките. Ќе кажам само еден пример. Управниот одбор и директорот на Агенцијата за приватизација, во минатата година и пред минатата година, ја следеле постапката

од приватизацијата на “Лозар” - Битола. Кој е резултатот од тоа следење на постапката за приватизација на “Лозар” - Битола? Резултатот е малтретирање на вработените во “Лозар” - Битола, незавршување на процесот на приватизација, донесување одлуки кои во најголем број случаи се докажа дека не се во согласност со законските прописи во РМ, а за сметка на тоа следење некои во управните одбори на Агенцијата за привцатизација и вработени дебело си го наплатиле тоа свое следење. На крајот имаме следење на активностите, но без резултат. Тоа е правата работа.

Исто така, овде сувопарно е изнесено дека во Агенцијата се доставени 187 барања и известувања за погрешна приватизација или повреда на постапките при приватизацијата. За 105 има изготвен писмен извештај, но ние како пратеници, кои треба да го усвоинме овој извештај не можеме да согледаме дали некој ја повредил постапката при приватизацијата или не ја повредил постапката, за да можеме да дадеме позитивно или негативно мислење во однос на овој извештај.

Следното што може да се види од овој извештај, кажано во четири реченици, е стопанисување со преземени објекти. И овде е изнесена бројка од 25032 метри квадратни објекти кои Агенцијата ги продала, од кои не можеме да видиме ниту по која цена, ниту па како се продадени, ниту дали е задоволена законската процедура, и на крајот треба да дадеме позитивна оценка на овој изнесен податок од Агенцијата за приватизација.

Понатаму, што се однесува до остварувањето на приходите изнесени во табелата на извештајот на Агенцијата за приватизација, вака изнесени без оценка, без детална анализа ние не можеме да донесеме никаков заклучок, барем зборувам за мене или можеме да донесуваме само пауштални оценки. Затоа, уште еден дел со кој што сметам дека треба да се дополни Извештајот е делот за остварените приходи. Две работи посебно треба да се образложат, мислам подетално, а се однесува на проблемот на дивиденди и акции со кои располага државата, кои биле во Агенцијата за приватизација. Тоа се и дивидендите кои не ги остварила, барем според овој Извештај што е поднесен, односно Агенцијата неостварива или државата немала никакви приходи по основ на дивиденди во претпријатијата и треба да се образложи и да се дадат детални објаснувања што станува со дивидендите на акциите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, со оглед на тоа што претставува еден од деловите за кои овде сме расправале и при донесувањето на буџетите и при оценките за работата.

И на крајот, уште еден дел кој треба да се дополни, а овде го нема. Пишува дека дел од уделите кои биле запишани под повластени услови за продажба со попуст во минатото се вратени на Агенцијата за приватизација, односно тие не се продадени и сметам дека треба Извештајот да се дополни: дали во акциите кои што се продадени со дисконти од 50%, 60% до 90% постоеле удели кои биле вратени на Агенцијата и сега се продадени со дисконт, за да можеме да донесеме правилна оценка, за да можеме на крајот да оцениме дали некој работел добро или недобро, можеме да оцениме на тој начин, дали некој ги вратил уделите и сега ги зел со дисконт од 90%. Тоа е за делот кој што се однесува на Извештајот за Агенцијата околу приватизацијата, и тоа само за оној дел и тоа околу нејзиното работење.

Околу вториот дел финансиското работење, кој што претставува, како што рече господинот Јордановски, завршната сметка на Агенцијата за приватизација, сметам дека треба да се дополни Извештајот со следното.

Прво, најреализирана и најнадмината ставка е нематеријални трошоци, тука е изнесено со 102,12% и овие кои се занимааат со книговодство знаат дека најлесно е таму да се сокријат сите махинации и во тој дел - нематеријални трошоци, ако ги погледнеме останатите делови, таа ставка е со најголема реализација.

Второ, да ни се даде одговор за што се платени хонорари во износ од 11.371.260 иљади денари или за 33,18% повеќе од 2001 година.

Мислам дека пратениците треба да имаат детален одговор, детална анализа на кои лица, за кои намени се дадени овие средства од 11 милиони денари.

Трето, подетално да се објасни ставката за останати расходи која што е за 20,97% повеќе од минатата година и во која што се содржат дел за кој што значат плаќања по договори, плаќања по судски решенија. Сметам дека таа ставка треба детално да се анализира за да можеме да согледаме кој на крајот е одговорен за толку високи суми плаќање од средствата на Агенцијата за приватизација, средства кои што требаше да имаат друга намена.

И на крајот би завршил со уште една реченица. Најодговорен субјект за усвојување, или не усвојвување на Извештајот на Агенцијата за приватизација е токму Собранието на Република Македонија . Ние добивме едно мислење на Владата на Република Македонија , Владата ниту по закон е обврзувачка да го усвојува и тоа го изнесува во своето мислење. И затоа сметам дека Извештајот треба да го усвоиме тогаш откога ќе се извршат дополнувањата за кои што овде пратениците дискутираа и ги побараа како дополнувања на Извештајот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има ли од пријавените некој  за реплика, или за дискусија?

Реплики нема.

Има уште двајца пријавени дискутанти и со тоа седницата ќе заврши.

Објавувам пауза до 15 ,00 часот.

По паузата седницата продолжи во 15,10 часот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по точката 14.

За збор се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, имав намера да дискутирам, меѓутоа во интерес на времето само сакам да кажам во врска со Предлог заклучоците што господинот Јани Макрадули ги достави. Ако може да објасни во смисла на тоа точката 1 и 2 мене ми личат контрадикторни и дали може да објасни , за да знаеме како да гласаме по однос на информацијата. Затоа што гледајќи ги вака заклучоците од една страна се прифаќа информацијата во точка 1, а од точка 2 произлегува дека треба некои дополнителни дополнувања на информацијата. Затоа за да не бидеме доведени во заблуда кога гласаме да не знаеме за што гласаме, ако може господинот Макрадули да објасни во смисла на тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Трендафилов Ѓорѓи.

Не е тука.

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колешки и колеги пратеници, претставници од Агенцијата за приватизација, ќе одговарам во текот образложувајќи ги заклучоците, ќе одговарам во текот на образложението на колегата Караџоски. Она што е јасно од целата расправа дека Агенцијата за приватизација во изминатите 4 години се потврди. Таа беше еден од генераторите на корупцијата и организираниот криминал и секако за тие активности кои не биле во согласност со важечките закони за кои што беа дадени тука неколку примери,

надлежните органи треба да преземат со закон утврдени дејствија и мерки. Сакам да кажам дека тие дејствија и мерки воопшто не зависат од тоа дали ние ќе го усвоиме , или не, Извештајот и какви заклучоци ќе преземеме. Од друга страна согласно Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал новото раководство на Агенцијата доставува извештај што ќе се сложам со некои дискутанти е претежно со бројки. Но, ќе се сложите дека и овие бројки се факт и одраз на реалната состојба. А би сакал да потсетам дека новото раководство на Агенцијата ја презеде Агенцијата со управување од 15 ноември, а новата Влада и Министерството за финансии кое е надлежно за работата и во негова надлежност Агенцијата за приватизација е од 1 ноември и тука можеме да најдеме разбирање зошто се решиле да ја претстават само фактичката состојба. Затоа предложените заклучоци со обид да се направи сублимат од дискусиите, поднесениот Извештај и донесената Одлука на ова Собрание за измените во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и во тој дух е точката 3 од предложените заклучоци.

Во однос на предложените заклучоци фали еден дел во точката 2 кое што можеби доведува до контрадикција каде што после: Собранието на Република Македонија смета дека е потребно Агенцијата за приватизација со поконкретни податоци за приватизацијата за периодот во кој се продадени со колкав дисконт се продадени истите и т.н., да стои дека доставениот преглед што го бараме денес ќе биде составен дел од Извештајот. На тој начин она што е наша задача, ние ќе го разгледаме тој извештај, тој извештај ќе постои и како таков ќе остане без правни последици на кои што ние можеме да дадеме задачи на некој да превзема мерки. За тоа има други органи кои што тоа ќе го прават. Ние тука имаме еден извештај што е точен, значи тие се бројките. Не е тука господинот Мавровски, бројките се тие, но различно можат да се толкуваат. Останува да го прифатиме овој извештај, бидејки тие се бројките, тоа е реалност. Останува впечатокот дека фалат некои податоци и тие податоци бараме да се доставаат, еден преглед кој ќе биде составен дел на извештајот, исто така без квалификации и без предлог мерки, туку како една фактичка состојба она што е наша задача. Инаку само еден коментар морам да дадам, каква е подршката на политиката на Владата видовме вчера на предвремените избори за градоначалници, резултатот е 3:0 за коалицијата за Македонија заедно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувнани колеги, јас само би сакала една кратка реченица како појаснување, мислам дека колегата Макрадули направи лапсус , дека оваа Агенција е под Министерството за финансии. Колку што мене ми е познато, тоа е сепак самостоен орган кој што работи во тесна соработка со Министерството за економија, секако и со финансии и со другите министерства од Владата, меѓутоа да не се стекне погрешен впечаток за јавноста.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Согласно Законот за органи на управа надлежен за работите на приватизација е Министерството за финансии, а Агенцијата е самостојна. Меѓутоа, не е управен орган кој е надлежен за работите на приватизацијата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе јас би сакал само пак со господинот Макрадули ако може да расчистиме некои работи за да ни биде јасно како ќе постапиме. Резултатот е јасен за Предлог заклучоците. Колку што разбрав господинот Макрадули кажа дека дополнителниот извештај кој што ќе го достави Агенцијата за овие барања што има во точка 2 ќе биде составен дел на овој извештај кој што донесека би го усвоиле. Јас незнам колку тоа правно може да биде издржано, затоа што да стане составен дел на една информација , а ние да не отвориме расправа за додатната и да не се произнесеме и изјасниме за истата работа, незнам како може да биде составен дел. Тогаш единствено решение е да се повлече, односно да не се изгласа оваа информација, да се задолжи Агенцијата да достави комплетна информација со она што го бараат и тогаш би било  најрегуларно и најисправно така да се постапи. А вака е двосмислено, од една страна се подржува информацијата, се усвојува, а од друга страна велиме , ќе ја дополниме и таа ќе стане составен дел на инфорамцијата. Мислам дека правно не е издржано. Барем јас така размислувам. Значи, ако може да излеземе од овој ќорсокак по однос на овие Предлог заклучоци, или да се брише точката 2, или да не се усвои информацијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Јас подржувам дискусијата на господинот Караџоски во тој дел, бидејќи не може да се прифати Извештајот на Агенцијата, а да се донесат заклучоци да го дополнува извештајот. Тоа е апсурдно нешто. Единствено треба да не се прифати извештајот засега, а со заклучоците кога ќе ги направи Агенцијата такви какви што се предложени, тогаш ќе дојде тоа на усвојување со самите заклучоци и извештајот. Тоа е една работа.

Исто така, сметам дека може Агенцијата да го направи тоа, да даде повеќе податоци, тие што се предложени , но истата не може да суди и да пресудува бидејки нема такво нешто. Доколку има било какви пропусти во работењето на претходните членови во Агенцијата кои што биле, сметам дека во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал контролата на Агенцијата која што паѓа во надлежност на Министерството за финансии исто така има и други механизми каде што имаат овластувања како Јавното правобранителство така и Јавниот обвинител на Република Македонија за направени пропусти во нивното работење и неправилно извршена трансформација кои можеле да покренат постапка за нивната неправилност. И јас сметам дека господинот Макрадули треба да се изјасни по прецизно во тој дел. Информацијата не треба да биде усвоена, а да бидат усвоени само заклучоците, или пак да си ги повлече заклучоците, да биде усвоена информацијата. Инаку двете заедно не можат да одат. Не можеш да усвоиш информација и пак да прифатиме ние заклучоци со кои ќе ја задолжиме Агенцијата да даде дополнителни показатели за кои што треба пак дополнително да се изјаснуваме. Има две работи овде и затоа треба во тој дел да бидеме на чисто.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да потсетам дека не разгледуваме информација, туку Извештај , тоа е различно. Господине Манев мислам дека ќе се сложите лапсус дека направивте и дека извештајот е законска обврска на Агенцијата пред Собранието и дека не можеме да не ја гледаме.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе предлог на заклучоци кои Ви се поделени.

Предложените заклучоци ги ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме?

Вкупно гласале 66 пратеници, 52 пратеници гласале за заклучоците, 2 воздржани и 12 против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Минуваме на точката 15-Предлог на одлука за изменвуање на Одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на презентираните видеоматеријали и другите податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните материјали, видеоматеријали и други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме со кои располага Министерството за внатрешни работи.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 65 пратеници гласале за, и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката .

Бидејки дневниот ред е исцрпен ја заклучувам работата по 21-та седница.

Наредната седница ќе се одржи на 28 мај.

(Седницата заврши во 15,20 часот).